Република Македонија
НУ Универзитетска библиотека
Св. Климент Охридски
ул. Пеце Матичевски 39
7000 Битола
Бр._____2018 г.

Republic of Macedonia
NI University Library
St. Kliment Ohridski
Pece Matichevski 39
7000 Bitola

тел./tel.: +389-47/220-208 факс/fax: +389-47/220-208 e-mail: nuub@nuub.mk веб страна: www.nuub.mk

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА ЗА 2017 ГОДИНА

ВОВЕД

Дефиницијата за успешноста на денешните библиотеки укажува на новите тенденции во библиотечното работење, трансформација во нејзината организациска поставеност, се поголеми овластувања и одговорност кон заедницата и општеството во целина. Тие се приспособуваат кон потребите на корисничкиот интерфејс и промените во опкружувањето. Се работи за тоа дека „лошите библиотеки градат само библиотечни колекции, добрите градат збирки (а збирките се само едни од многуте). Големите библиотеки ја градат заедницата.“[1]

Квалитетот на библиотечната услуга се дефинира со планирање, контрола и перманентно приспособување кон корисничките потреби. Во тоа светло библиотеките можат да понудат широк спектар на анимација на населението, т.н. “living room for the community” преку осмислување на иновативни и креативни библиотечни програми за сите возрасти.

Техничко-технолошкиот развој условува промени во сите сфери на човековото знаење и развој на општеството, така што управување со организацискиот процес во библиотеките подразбира одржлив развој на институцијата, следење на актуелните библиотечни трендови, добро обучен професионален кадар, осмислени и креативни програми и проекти во функција на остварување на визија на институцијата.

Затоа библиотеките мораат да бидат дел од научно - истражувачки процеси и се поважните барања на образовниот систем. Потребно е активно да ги следат промените, но пред се да оформат компетентен и високо мотивиран кадар кој што ќе биде наполно оспособен да одговори на предизвикот. Освен како информативни стручњаци и луѓе со широк дијапазон на познавање на механизмите за пребарување, современите библиотекари стапуваат во интерактивен контакт со корисниците.

Библиотеките денес ја имаат својата педагошка, социолошка и културолошка димензија. Со содржините тие постојано треба да ја зголемуваат воспитната и информациска компетентност. Ставени под лупа на интересите на заедницата се менува нивната перцепција, така што фокусот на вниманието не е повеќе на установата, туку библиотечните услуги. Впрочем во тоа светло библиотеките изнаоѓаат нови патишта за да бидат пред се во длабока синергија со потребите на локалната средина од една страна, а од друга, по пат на партнерски однос да допринесат за квалитетот на живеењето и препознатливоста во средината каде што делуваат. Иако по својата поставеност, финансирана од Министерство за култура како национална установа, библиотеката има одговорност и заложба наполно да се интегрира во локалната заедница и со тоа да ги користи државните финансиски средства одговорно и во синергија со други можни извори на финансирањето.

Денес библиотеките се помалку места (локации) а се повеќе претставуваат процес. Тие стануваат информациска платформа како дел од вмрежено друштво на знаење.

[1] R.David Lankes.(2016)Expect more, Jamesville, NY:Riland Publishing,USA,str.31

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА
НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА ЗА 2017 ГОД.

НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола организациски е поделена во четири сектори, а секој од секторите содржи одделенија и точно дефинирани работни места и задачи на вработените.

I СЕКТОР ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ, ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ

1.1. **Одделение – Организационо-административно и човечки ресурси**

На позиција Советник за информатички работи беа извршени работни задачи:

- Дефинирање на дефектите на системот, комуникациската и периферната опрема, како и хардверска и софтверска надоградба за поуспешна работа, водење грижа и контрола за непречено функционирање на системот;
- Отстранување на грешките во базата во апликацијата за работно време;
- Секојдневен извештај за евиденцијата на работното време;
- Бекап на базите за архивско работење, евиденција на плати, финансово и материјално работење и основни средства;
- Одржување на мрежата;
- Администрирање со ИТ;
- Администрација на WEB страната на Библиотеката;
- Внесување податоци во WEB страната на Библиотеката;
- Инсталација на серверот за Дигиталната библиотека при НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола;
- Внесување на записи во базата на Дигиталната библиотека;
- Изработка и одржување софтвер за Влезна книга за монографски публикации и изработка на листи;
- Подготовка на проекти за 2018 година;
- Електронско пополнување на евиденција за јавни набавки за 2017 година;
- Објавување на огласи за јавни набавки во системот за електронски набавки и подготовка на материјали;
- Внесување и ажурирање на податоци во базата на електронскиот систем за управување со човечки ресурси;
- Внесување и ажурирање на податоци во базата на порталот на фондот за здравствено осигурување (пријава и одјава на вработени и членови на вработени);
- Внесување и ажурирање на податоци во базата на порталот Е-даноци (пополнување на ПДД-ГИ обрасците);
- Подготовка и изработка на покани, плакати во текот на годината.

На позиција Советник за административни, општи и правни работи беа извршени работни задачи:

- Комплетно се ажурирани персоналните досиеја на вработените со сите кадровски промени, изготвени се решенија и регулирани правата од работен однос и сите останати права кои им следуваат;

- Спроведени 7 постапки - со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас во Бирото за јавни набавки до 5.000 евра;
- Спроведени 7 постапки за набавка од мала вредност;
- Спроведена 1 постапка - барање за прибирање на понуди со објавување на оглас во Бирото за јавни набавки до 20.000 евра;
- Спроведена постапка со преговарање за набавка на книги со над 20 издавачки куќи во Р. Македонија;
- Изработени и доставени Извештаи за слободен пристап до информации од јавен карактер, за работата на Управниот одбор за 2016 година, за листа на ISBN броеви за отпечатени книги, Евиденција за постапките за јавни набавки за 2016 година;
- Извршени и спроведени сите постапки за промената на раководното лице на Библиотеката во месец јули 2017 година;
- Изготвени се материјали за одржување на 7 (седум) седници на Управниот одбор при Библиотеката и за истите комплетно се изготвени записници, одлуки, заклучоци, препораки и слично;
- Изработен Годишен План за јавни набавки во 2018 год;
- Спроведена постапка за Оценување на административните работници и испратено во МИОА;
- Изработен Годишен план за вработување за 2018 година и доставен во МИОА и Министерство за култура;
- Изработен Анекс Договор со Француската Алијанса;
- Изработен Договор за отстапување на авторските права со МНД за дигитализација на монографски публикации;
- Изработени согласности за отстапување на авторските права за јавно и бесплатно објавување на Интернет преку Дигиталната библиотека при НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола.

1.2. **Одделение - Техничко одржување и обезбедување на објектот**

По **спроведената постапка за ангажирање на Агенција за обезбедување** на лица и имоти изготвен е план за набавка на дополнителни камери и утврдување на безбедносни протоколи во зградата на Библиотеката.

Донесени се **процедурите за обезбедување на сите простории** со изработка на дупликати на клучеви и назначување на одговорните лица за функционирање на безбедност на канцеларии и заеднички простори.

По утврдената состојба во однос на **противпожарните апарати** истите се проверени и во тек е набавка на нови противпожарни црева и млазници (истите се отуѓени во минатиот период), како и обезбедување на сандачиња за нивното складирање.

Извршена е **проверка и сервис на состојба на оџаците и соодветните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење, огништа – котли за парно греење во објектот.**

Извршени се **поправки на кровната конструкција** (утврдено е дека повеќе години се во неисправна состојба со што имаше големи оштетувања на ѕидовите и инвентарот во Библиотеката како и неквалитетна надградба на Библиотеката), реконструкција на

кровната конструкција на влезот во Библиотеката, молерско - фарбарски и други занаетчиски услуги.

Извршено е **целосно санирање и поправка на ѕидовите во санитарните јазли, вклучено и поправка на надворешните ѕидови.**

Исчистени се и поправени **надворешни одводни олуци, надворешни цевки и чистење на шахта.**

Извршени се поправки на ѕидовите и **санирање во канцеларија за финансиско работење и техничкиот секретар со бојадисување и ставање во функција на оштетениот инвентар.**

Направена е покривка за **чилерот (не е во функција), а извршени се и поправки во делот на ситен инвентар.**

Во роднокрајниот оддел застаклени се **витрини** за подобро функционирање на одделот. Во Одделот за деца направени се **ормари** за вработените.

Напомена: Во зградата се најдени бројни дефекти во грејната инсталација (пресечени цевки од парно греење, демонтирани вентили и радијатори, истите се отуѓени со што е направена штета за програмско функционирање на Библиотеката во идниот период. Затоа ќе бидат потребни дополнителни инвестициски побарувања и финансиски средства истите простории да се стават во функција.

II СЕКТОР КОМПЛЕТИРАЊЕ И ОБРАБОТКА НА БИБЛИОТЕЧЕН МАТЕРИЈАЛ, БИБЛИОГРАФИИ И ЗБИРКИ

2.1. <u>Одделение – Комплетирање и обработка на библиотечен материјал</u>

Во текот на првите шест месеци од 2017 година во одделот **Комплетирање на библиотечен материјал** во влезната книга евидентирани се 5563 монографски публикации.
Во одделението **стручна обработка на монографски публикации** е извршена комплетна обработка според меѓународни стандарди на 4554 монографски публикации (1805 задолжителни, 2083 + 600 дупликати, набавени во возрасни и 71 детски), како и 299 магистерски трудови и 122 докторски дисертации. Вкупно 4975 примероци.
Покрај стручната обработка на публикациите и редактирањето на записите се води сметка за исправна децимална класификација и предметизација на записите.

Во **Периодика** се вршеше стручна обработка на периодични публикации според ISBD(s) стандардот: 258 (9 креирани) преземени наслови на списанија и весници; ретроактивна обработка преку дополнување на потполињата 997/998 и формирање свески во сегментот COBBISS 3: **ретроактивно** во 36379 записи (свески), и во 605 записи (томови). Извршени се околу 384 **зајмувања** на весници и списанија.
Покрај секојдневната стручна и техничка обработка на библиотечниот материјал се води сметка за комплетноста на броевите – томовно и нивно средување двонеделно, месечно, тримесечно, два пати годишно, годишно итн.; сместување на пристигнатиот материјал на полици; селектирање на дупликатите и нивно дислоцирање; работа во комисија за

прегледување на списоци од расходувани книги и правење записници; пренесување на целиот фонд од IV формат на првиот кат и негова проверка. Се работеше на ревизија на фондот, како и редовни замени во одделот Издавање и услуга за возрасни.

2.1. **<u>Одделение – Библиографии и збирки</u>**

Во одделение **Библиографии** се врши стручна обработка (каталогизирани, систематизирани, предметизирани и редактирани) статии кои се однесуваат на теми поврзани со случувањата во Библиотеката, од некои локални весници како Битолски весник, Утрински весник, Вечер, Нова Македонија, Вест, Јавност, Его, Инфо магазин, како и стручна обработка и редакција на статии од периодичните публикации: „Библиотекарство“, „Библиотечен тренд“и др. За проектот, „Библиографија на магистерски и докторски трудови одбранети на Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола : 1991-2016“, истражени се сите броеви од „Билтенот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“, од 1991 г. До 2016 г. Истражувањето се правеше и во локалната база и во взаемната база на Кооперативниот онлајн библиографски систем и сервиси COBISS.MK. За таа цел вкупно се селектирани 807 библиографски единици: 602 за магистерските трудови и 205 за докторските дисертации. Библиографијата е подредена азбучно и содржи Регистар на автори и Регистар на наслови. Библиографијата беше редактирана подготвена (компјутерска обработка) за печат. Вработените на Одделот Библиографии се активно влкучени во комисијата за реализација на Општинскиот натпревар „Млади библиотекари 2017“. Се вршеше подготовка на натпреварувачот за 18. Републички натпревар „Млади библиотекари“.

Во **Роднокрајната збирка** се изработени 156 (22 дупликати) набавени 427 (299 магистерски и 122 докторски) магистерски трудови и дисертации. Дислоцирани се 96 примероци од Ѕвездите на светската литература, 390 примероци од семинарските работи и 62 театарски текстови од магацинот на РО. После нивното отстранување се пристапи кон пополнување на празнините, односно ослободените броеви по сигнатура, како и редакција и внесување на УДК на примероците на кои тоа им беше потребно. Ракописите на роднокрајните автори беа сместени во метални шкафови. Се учествуваше во проектот на „Библиографијата на магистерски трудови и докторски дисертации. Успешно функционираше и меѓубиблиотечното зајмување помеѓу нашата Библиотека со библиотеките од Скопје, Прилеп, Штип, Кочани и Охрид, како и континуирана услуга на читателите кои доаѓаат во Одделот.

Во **Збирката туѓа литература** се изработени 470 (310 архивски) монографски публикации. Се реализира проектот бр. 44 и бр. 45 од списанието Библиотечен тренд за 2017 година. Се организираше Средбата на роднокрајните писатели во Македонија кои на Тркалезната маса имаа свои излагања. Излагањата беа публикувани во 12. Зборник на излагања на роднокрајните писатели во Македонија. Се учествуваше во неколку проекти за 2018 год. Како раководител на Секторот Комплетирање и обработка на библиотечниот материјал, библиографии и збирки, се координираше стручната работа во поглед на Збирката Туѓа литература, се организираше замена на старите УДК броеви со нови во шифрарниците 675b и 675s. Се организираше и надгледуваше ретроактивна преработка на популарната англиска литература со нови локации: M ENG, M FRE, M GER итн., во магацинот.

Во делот за **Дробен печат, заштита, одбрана и обработка на документација** беше претставена Збирката дробен печат, средена во витрините на вториот кат од старото крило на Библиотеката. Беше посетен курс за Содржинска обработка на библиотечен материјал, Универзална децимална класификација (УДК), во траење од 5 дена. Беше одржан и испит. Се учествуваше со стручен труд на 44. Собрание на БЗМ и изработени се статии за Библиотечен тренд. Учество во проектот за меѓународна соработка со библиотека во Варшава, Р. Полска. Предадени се два проекти до Министерството за култура за 2018 година. Се води книга за издавачката дејност на Библиотеката и кореспонденција со други институции.

III СЕКТОР РАЗВОЈ НА БИБЛИОТЕКАРСТВОТО, МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, МАРКЕТИНГ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

3.1. **Одделение – Развој на библиотекарството**

Одделението **Развој на библиотекарството** во извештајот ги даде следните извршени задачи:

- редактирани се 101 наслов;
- секојдневни подготовки на опомени за доцнење на библиотечната литература;
- информации и стручна помош во одделението Периодика;
- вршена е проценка за испраќање лица за различни обуки во ВБМ;
- давање информации во врска со библиотечните стандарди, стандардите за видовите библиотеки и нивното работење.

Библиотекарот вработен во одделението за Развој на библиотекарство во изминатиот период имаше обврски како претседател на СО на СОНК при НУУБ – Битола, обврски како претседател на Библиотекарското здружение на Македонија (БЗМ) и членување во Рецензионата комисија за стекнувања на звања во библиотекарството.

3.2. **Одделение – Меѓународна соработка, маркетинг и односи со јавноста**

Во Одделот Меѓународна соработка беше изготвен и реализиран проект за посета на Универзитетската библиотека во Варшава, Полска.

Реализиран е проект за учество на Конференцијата на Меѓународното здружение на библиотекарски асоцијации и библиотеки - IFLA во Вроцлав, Полска.
Врз основа на проект за меѓународна соработка со библиотеки од Полска, поддржан од Министерството за култура на Република Македонија, во периодот од 19.08.2017 до 24.08.2017 година потпишани се три договори за соработка со Библиотеката на Вроцлавската Политехника, Универзитетската библиотека и Долношлонската јавна библиотека „Тадеуш Микулски“ од Вроцлав (Полска).За време на престојот беа посетени мултимедијалната библиотека „Медијатека“ во Вроцлав и Јавна библиотека „Пабло Неруда“ од Берлин, Германија, со цел стекнување на искуства за развој на одделение за музикалии.

3.3. **Културни манифестации, односи со јавноста и продажба на книги**

Една од највиталните и најпрепознатливите работни позиции во секторот претставуваат библиотекарите кои работат на организирањето на културни манифестации (изложби, предавања, промоции, работилници, итн.) и кои се грижат за односи со јавноста (медиуми) и презентација на активностите на Библиотеката преку социјални мрежи, печат, ажурирање на WEB страна, радио и локални и државни телевизии итн.

Во текот на 2017 година одржани се 17 работилници, 11 настани, 15 промоции, реализирани 10 проекти и 18 изложби, 2 учества во дебати за реализација на библиотечни програми и закони, 4 активности по повод одбележување на значајни настани, 3 работни средби со амбасадори, 3 работни посети и др.
Изготвена е **Книга за едукативни и промотивни активности и за други манифестации** во НУУБ „Св. Климент Охридски„ и Книга за изложби како прилози кон извештајот каде е даден целосен годишен извештај за активности на Библиотеката.

IV СЕКТОР ИНФОРМАЦИИ, ЗАШТИТА, РЕПРОГРАФИЈА И КНИЖЕН ФОНД И УСЛУГИ

4.1. **Одделение – Информации, заштита и репрографија**

Информациите на корисниците се однесуваат на постојните услуги во Библиотеката, WEB услуги, давање на стручна помош во однос на расположива литература, референци за стручни и научни трудови, нивна обука за користење на COBISS системот и давање на информации за специфичните и карактеристични области кои се застапени во разните монографии, енциклопедии и друг вид на публикации. Корисниците се од различни профили, најчесто членови на Библиотеката, ученици, средношколци, студенти, разни професионалци во своите области на кои им треба поспецифична литература и останати љубители на белетристиката кои за овој период ги имаше во број од над 4800.

Од другите обврски, кои во склопот и вон склопот на работните обврски во овој оддел може да се истакне дека навремено се извршуваат следните активности:

- редовни замени на колегите од магацин;
- редовни замени на колегите од позајмување;
- заменување на веќе дотраените лепенки со сигнатури на книгите;
- соработка со библиотекарите задолжени за културни манифестации и популаризација на книгата со учество во изготвување на плакати и изложби, подготвување на годишна програма за одбележување на годишнини на значајни личности и настани, подготовка на Календар на активности на Библиотеката и др.;
- задолжување и раздолжување во COBISS (односно менување на индикатор и статус) на сите книги кои одат на Заштита (репарирање) и при нивно враќање од тој оддел, вклучително и изработување на нови лепенки за истите;
- изготвување на списоци со нови книги по предлог на читателите и проверување на насловите на книги во COBISS системот, дали и кои од нив ги имаме како фонд и што точно треба да се набави;
- ажурирање на web страницата на Библиотеката (www.nuub.mk), во делот „Информации за корисници“ и во делот „Препорака на библиотекарот“ – каде се доставуваат информации од различен тип во однос на најчитани автори, популарни книги во светски рамки, препораки за читање, случувања и настани од

областа на литературата, информации за разни литературни конкурси и збиднувања.

Во секторот работи и служба **за техничка заштита на библиотечен фонд** каде се извршуваат следните работи:

- Укоричување на периодични весници и списанија;
- Заштита на оштетени книги;
- Кроење на материјали за потребите на сите оддели;
- Изработка и укоричување на инвентарни (влезни) книги.

Заштитени се 600 монографски публикации и повторно вратени во употреба. Од вкупно заштитените монографски публикации направени се и **120 книги со тврд повез и 300 книги со мек повез**, со што е подобрен квалитетот на користење.

Укоричени се вкупно **периодични публикации: 9 тома со 364 влога и 48 билтени со мек повез.** Изработени се **33 инвентарни книги со мек повез.**

Вршено беше и каширање и кроење по димензии.

4.2. **<u>Одделение – Книжен фонд и услуги</u>**

Работните задачи во магацинот за задолжителен примерок, магацин за монографски публикации и туѓа литература се однесуваа на следење, прием и правилно чување на библиотечниот материјал, како и на вршење на помали технички интервенции во смисла на заштита на фондот, изготвување на списоци за одделението за заштита на библиотечниот фонд.

Вкупниот број на читатели кои ја посетиле Библиотеката до 31.12.2017 год. е 24 915, од кои во категорија возрасни 14 590, а во детскиот оддел 10 325. Бројот на активни читатели од 01.01.2017 до 31.12.2017 е 3230 по категории на читатели е следен:

- Претшколски деца – 103
- Основношколци – 1435
- Средношколци – 637
- Студенти (редовни) – 249
- Студенти (вонредни) – 13
- Вработени – 600
- Слободни професии – 3
- Самостојни занаетчии – 1
- Домаќинки – 4
- Пензионери – 92
- Невработени – 190
- Странски државјани – 2
- Останати – 61

Бројот на активни членови по оддели од 01.01.2017 до 31.12.2017 во одделот за возрасни е 1692, а бројот на посети 24 793. Во одделот за деца бројот на активни членови е 1538 а бројот на посети 11 701, што значи дека Библиотеката била посетена 36 494 пати од страна на активните читатели во една година.

Издадени се 36 918 библиотечни единици во возрасни и 11 093 во одделот за деца.

Во Библиотеката се запишани или го обновиле членство вкупно 1036 нови членови, од кои 308 во одделот за возрасни и 728 во одделот за деца.

ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА СО ПАРТНЕРИ НА БИБЛИОТЕКАТА И ПОТПИШАНИ ДОГОВОРИ

- Потпишани се три договори за соработка со Библиотеката на Вроцлавската Политехника, Универзитетската библиотека и Долношлонската јавна библиотека „Тадеуш Микулски“ од Вроцлав (Полска);
- Договор за соработка со Универзитетска библиотека во Варшава (Полска);
- Меморандум за разбирање со Мировен корпус Македонија;
- Меморандум за меѓусебно разбирање и соработка со Англиски едукативен центар „Розета Стоун“ (обновен договор);
- Договор за редовно одржување на апликативни решенија со ЕДУСОФТ - Скопје;
- Меморандум за меѓусебно разбирање и соработка со Европскиот институт за менаџмент, право и дипломатија - Скопје;
- Анекс договор со Францускатa Алијанса – Битола;
- Меморандум за соработка со Организацијата на жени на Општина Битола;
- Договор за учество во програмата Бит фест 2017;
- Договори за годишната програма со Министерството за култура на Р. Македонија;
- Поединечни авторски договори за извршени услуги по библиотечни проекти и активности.

ОБУКИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

Се реализира проектот **„Обука на библиотекари во системот COBISS“**, со кој беа реализирани следните обуки:

- **„Техничка обработка на библиотечниот материјал“,** 3 вработени
- **„Каталогизација на монографски публикации“,** 2 вработени
- **„Користење на програмската поддршка COBISS3/Набавка – монографски публикации“,** 2 вработени
- **„Систематизација и Предметизација на библиотечен материјал“,** 1 вработен

Вработените од одделите при НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, како и други библиотекари, заинтересирани лица од регионот и пошироко имаа можност да се усовршуваат во областа на **зголемување на компетенциите на библиотечниот кадар за работа со странки и техники на успешна презентација**.

За таа цел беа организирани два семинари:

- **Комуникациски вештини** и
- **Говор на тело**.

РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ (2017):

- **Заштита на недвижното, движното и нематеријалното културно наследство**

1. Поетски перформанси од млади автори;
2. Дигитални сликовници за секое дете;
3. Електронски читачи на книги;
4. 12-та роднокрајна средба со битолските писатели во Македонија;
5. Библиографија „Преглед на магистерски трудови и докторски дисертации одбранети на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола во периодот од 1991-2016;
6. Обука на библиотекари за користење на програмската поддршка COBISS3;
7. Непречен и отворен пристап до библиотечните фондови за секој читател - Обезбедување на книжниот фонд IV фаза;
8. Збогатување на книжните фондови за 2017 година;
9. Културни манифестации во НУ УБ „Св. Климент Охридски“ - Битола;
10. ЕКО библиотека;
11. По врвиците на хероите на Македонија;
12. Опрема и материјали за заштита и репрографија;
13. „Ние сме љубов“.

- **Меѓународна билатерална соработка**

1. Меѓународна соработка на НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола со библиотеките во Вроцлав и во Варшава, Полска.

- **Меѓународна мултилатерална соработка, соработка со УНЕСКО**

1. Учество на Конференцијата на Меѓународното здружение на библиотекарски асоцијации и библиотеки - ИФЛА во Вроцлав, Полска.

- **Инвестиционо одржување и набавка на опрема за установите**

1. Техничко опремување на новата сала за промоции и симултан превод - прва фаза;
2. Набавка на опрема за дигитализација на библиотечниот фонд на НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола.

ПОСЕБНИ ПРИЛОЗИ НА ИЗВЕШТАЈОТ:

Прилог 1

- **Финансиски наративен извештај**

Прилог 2

- **Книга за издавачката дејност**

Прилог 3

- **Едукативни и промотивни активности и за други манифестации**

Прилог 4

- **Книга за изложби**

Прилог 5

- **Книга за стручната и научна работа**

Прилог 6

- **Книга за непосредна заштита на книжниот фонд**

НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола

в.д. директор

м-р Јелена Петровска

КНИГА

ЗА ФИНАНСИСКИ НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ НА
НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА ЗА 2017 ГОДИНА

Битола, 2017 г.

Република Македонија
НУ Универзитетска библиотека
Св. Климент Охридски
ул. Пеце Матичевски 39
7000 Битола
Бр._____2018 г.

Republic of Macedonia
NI University Library
St. Kliment Ohridski
Pece Matichevski 39
7000 Bitola

тел./tel.: +389-47/220-208 факс/fax: +389-47/220-208 e-mail: nuub@nuub.mk веб страна: www.nuub.mk

ДО
ВЛАДА НА Р МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
НА Р МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ

ПРЕДМЕТ: НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИ-ЗИРАНИ СРЕДСТВА ПО ПРОЕКТИ ЗА БИБЛИОТЕЧНА ДЕЈНОСТ ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ-ДЕКЕМВРИ, 2017 ГОДИНА

Националната установа - Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ од Битола Ви го доставува следниот финансиски извештај за реализираните средства одобрени од подставка **464990 програма 20 - библиотечна дејност** по проекти врз основа **Годишниот договор бр.28-2750/1 од 27.02.2017 г.** за учество во финансирањето на проекти за 2017 година склучен со Министерството за култура и тоа како следува:

Р.бр.	**Програмски активности**	**Одобрени по договор за 2017 г.**	**Одобрени по решен. за 01-12/ 2017 г.**	**Реализирс редства за период 01-12 мес. 2017 г.**	**% на реализ. на прое. по решен.**
1.	Збогатување на книжни фондови за 2017 година (моног.публик. и периодика)	350.000	350.000	350.000	100,00
2.	Осовременување на одделот за заштита и репрографија	20.000	20.000	20.000	100,00
3.	Обука на библиотек.за				

	прогр.подршка COBISS-3	40.000	40.000	39.868	99,67
4.	Поетски перформанси од млади автори	10.000	10.000	10.000	100,00
5.	Дванаесетта роднокр.средба на битол.автори-ткалезна маса	10.000	10.000	10.000	100,00
6.	Културни манифестации во НУУБ„Св.Климент Охридски”-Битола	25.000	25.000	25.000	100,00
7.	Материјални трош.за дејност	200.000	200.000	200.000	100,00
8.	Дигитални сликовници за секое дете	10.000	10.000	10.000	100,00
9.	Електронски читачи на книги	10.000	10.000	10.000	100,00
10.	Библиографија „Преглед на магистерски трудови и докторки дисертации одбранети на Универзитетот „Св.Кл.Охридски”- Битола во периодот од 1991-2016	15.000	15.000	15.000	100,00

11.	Непречен и отворен пристап до библиотечните фондови за секој читател – Обезбедув.на книжниот фонд IV фаза	40.000	40.000	34.635	86,59
12.	Еко библиотека	10.000	10.000	10.000	100,00
13.	По врвиците на хероите на Македонија	10.000	10.000	10.000	100,00
14.	„Ние сме љубов”	10.000	10.000	10.000	100,00
	ВКУПНО:	**760.000**	**760.000**	**754.503**	**99,28**

1.ЗБОГАТУВАЊЕ НА КНИЖНИ ФОНДОВИ

Библиотеката во периодот **01-12/2017** година изврши набавки на монографски публикации околу **602 наслови** односно **1.144 примероци** со што е збогатен книжниот фонд со стручна и уметничка литература и набавени се 1 наслов од неделно списание – Јавност во 4 примероци , 1 списание на тромесечје (4 примероци)-Его во 5 примероци и 2 списанија дневни (од секое по 60 примероци месечно) или реализирани се **во целост одобрените средства од 350.000,00 денари.**

2.ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ НА ОДДЕЛОТ ЗА ЗАШТИТА И РЕПРОГРАФИЈА

Од вкупно одобрени **20.000,00 денари за** овај проект реализирани се во целост средствата за набавка на 18 конзолни рафтови за книги по фактура бр.05-2-48/17 од 19.10.2017 година.

3. ОБУКА НА БИБЛИОТЕКАРИ ЗА ПРОГРАМСКА ПОДРШКА COBISS-3

Од вкупно средства во износ од **40.000,00** денари реализирани се во периодот јануари-декември **39.868,00 денари** како следува:
-средства за обука за каталогизација, предметизација, превземање на записи на книжниот фонд во COBISS-3 програма во износи како следува:
- 1.500,00 денари по фактура бр.10/ДП/17 од 15.03.2017 година;
- 8.300,00 денари по фактура бр.41/ДП/17 од 15.11.2017 година;
-3.750,00 денари по фактура бр.51/ДП/17 од 28.11.2017 година
-12.000,00 денари по фактура бр.62/ВБМ/17 од 19.12.2017 година.
-средства за исплата на патни трошоци по патни сметки во вкупен износ од 6.222,00 денари и

-средства за сместување на лицата учесници на обуките во вкупен износ од 8.096,00 денари.
Непотрошените средства од **132,00 денари** на крајот на годината се повлечени од Буџетот на Р Македонија.

4.ПОЕТСКИ ПЕРФОРМАНСИ ОД МЛАДИ АВТОРИ

Од вкупно одобрени **10.000,00 денари** реализирани се во целост како следува:

- 1.680,00 денари за предавање по проект за исплата на Димоски Филип по фактура бр.7006/17 од 11.05.2017 година;
- 2.608,00 денари за исплата на Спасевска Драгана како модератор на група по проектот по фактура бр.11127/17 од 13.07.2017 година и
- 5.712,00 денари за печатење на 100 примероци на **Збирка поезија „Поетски перформанси од млади автори"** по фактура бр.2017/607 од 21.07.2017 г.

5. ДВАНАЕСЕТТА РОДНОКРАЈНА СРЕДБА НА БИТОЛСКИ АВТОРИ-ТРКАЛЕЗНА МАСА

Од одобрени средства по договор **10.000,00** денари за овај проект реализирани се во целост како следува :
-за исплата на патни трошоци по список на лицата учесници на 12-тата роднокрајна средба во износ од **2.250,00 денари** и
-за трошоци за прехранбени артикли за учесниците во износ од **1.820,00 денари** по фактура бр.0019/17 од 26.05.2017 година;
-за трошоци за изработка на ЦИП запис во износ од **635,00 денари** по сметка од касов извештај бр.8 и
-за надомест на дел од трошоците за печатење на Зборник на трудови од 12-та роднокрајна средба средства во износ од **5.295,00 денари.**

6.КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ ВО НУУБ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-БИТОЛА

Од вкупно **25.000,00** денари за цела 2017 година реализирани се во целост како следува:
-по сметка **160,00** денари за копирање по сметка од касов извештај бр.1;

-по фактура бр.3796/17 од 20.03.2017 г.-за исплата на Илиевска Наташа за организирање на креативна работилница за деца средства во износ од **1.170,00** денари;
-по фактура бр.0347/01/17 од 31.03.2017 г.-за набавка на канцелариски материјали средства во износ од **338,00** денари;

-по фактура бр. 0348/01/17 од 31.03.2017 г. -за набавка на канцелаиски материјали за потребите при реализација на културни активности средства во износ од **2.537,00** денари;
-по фактура бр.17-391-0000010 од 31.03.2017 г.-за прехранбени артикли во износ од **742,00** денари;
-по фактура бр.15-1/565 од 01.04.2017 г.-набавка на прехранбени артикли за учесниците на културна манифестација „Ноќ со Андерсен" средства во износ од **3.000,00** денари;
- по фактура бр.4597/17 од 03.04.2017 г.за сценарио и рецитал за културна манифестација за Милошевска Ана средства во износ од **1.638,00** денари;
-по фактура бр.9 од 03.04.2017 г. за книги како поклон за читатели за културни манифестации средства во износ од **1.400,00** денари;
-по фактура бр.6288/17 од 02.05.2017 г.-за Стефанија Милевска како едукатор на проект за културни активности средства во износ од **7.362,00** денари;
-по фактура бр.05/17 од 22.04.2017 година за набавка на цвеќе за манифестацијата „цвеќе за секој" по повод денот на книгата во износ од **750,00** денари;
-по фактура бр.15690/17 од 13.10.2017 година за исплата по договор на Стоилковиќ Слободанка за услугата како толкувач на знаковен јазик по проект за културни манифестации во износ од **2.000,00 денари** и
- за надомест на дел од фактура бр.18879/17 од 06.12.2017 година во износ од **3.903,00** денари за исплата на Гулевски Александар за изработка на идејно ликовно решение за покана и плаката за настан – 8 ми дкември како и подготовка и реализација на усна и видео презентација и лекторирање на користени текстови за истоимениот настан одржан на 07.12.2017 година.

7. МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

Од вкупно одобрени **200.000,00** денари по Годишниот договор реализирани се во целост за: покривање на редовните сметки и фактури за потрошени канцелариски материјали, материјали за АОП, птт трошоци, потрошен материјал за поправки, за одржување на објектот , за одржување на опремата , за одржување на хардверска и софтверска опрема, за трошоци за гориво ,трошоци за печатење, за патни трошоци и други оперативни трошоци за обезбедување на непречено работење на установата како и развој и унапредување на библиотечната дејност.

8.ДИГИТАЛНИ СЛИКОВНИЦИ ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ

Средствата во износ од **10.000,00** денари во целост се реализирани по фактура бр.187/1 од 28.04.2017 г. за изработка ЦД со детски приказни.

9.ЕЛЕКТРОНСКИ ЧИТАЧИ НА КНИГИ

Средствата во износ од **10.000,00** денари се реализирани во целост по фактура бр.1705Р640129 од 12.05.2017 г. за набавка на 1 читач во износ од

7.280,00 денари и по фактура 1706Р940169 за набавка на уште 1 електронски читач за кој е извршено плаќање на дел во износ од 2.720,00 денари за дореализација на проектот .

10. Библиографија „Преглед на магистерски трудови и докторски дисертации одбранети на Универзитетот „Св.Кл.Охридски" - Битола во периодот од 1991-2016 г.

Средствата одобрени во износ од **15.000,00 денари** се реализирани во целост за печатење на библиографијата и плаќање на дел од фактура бр.2017/1087 од 05.12.2017 година.

11. Непречен и отворен пристап до библиотечните фондови за секој читател – Обезбедување на книжниот фонд IV фаза

Од вкупно одобрени по решение за овај проект **40.000,00 денари** реализирани се **34.635,00 денари** а останатите средства од **5.365,00 денари** на крајот на годината се повлечени од Буџетот на Р Македонија.

12. Еко библиотека

Средствата одобрени по решение во износ од **10.000,00** денари реализирани се во целост по фактура бр.01-1/1 од 26.12.2017 година за определување на мерки и точки на акција во рамки на еко стандардите и хонорар за промоторот, а за истото во прилог ќе Ви испратиме и извештај од извршената експертиза.

13. По врвиците на хероите на Македонија

Средствата одобрени по решение во износ од **10.000,00** денари реализирани се во целост по фактура бр.11054/17 од 12.07.2017 година за исплата на лицата Чекутков Ѓорѓи, Јаневски Александар, Кузмановски Владо и Јуруков Ѓорѓи за усни промотивни излагања за промоција на **Едицијата „Македонски искушенија"** по проект по врвиците на хероите на Македонија.

14. НИЕ СМЕ ЉУБОВ

За реализација на овај проект средствата одобрени во износ од **10.000,00** денари реализирани се **во целост** по фактура бр.5739/17од 24.04.2017 г. -за исплата на Стефанија Милевска како едукатор во реализацијата на проектот ние сме љубов на лица со посебни потреби.

КНИГА

ЗА ИЗДАВАЧКАТА ДЕЈНОСТ НА
НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА ЗА 2017 ГОДИНА

Битола, 2017 г.

Ред.бр.	ISBN/ISSN	Автор/Главен и одговорен уредник	Наслов	Датум/Број	Тираж	Финансирани од
1.	1409-9497	д-р Николче Вељановски	Библиотечен тренд Списание	44/2017	300 примероци	Сопствени средства на НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола
2.	978-608-4538-65-3	Дан Оријан	Кога тато ќе порасне	2017		спонзори
3.	978-608-4538-64-6	Фатма Бајрам Аземовска и Илче Стојановски	Млади поетски перформанси	2017	100 примероци	Министерство за култура и општина Битола
4.	978-608-4538-62-2	д-р Николче Вељановски	Днаесетта роднокрајна средба со битолските писатели од Македонија Зборник на излагања	2017	120 примероци	Министерство за култура
5.	978-608-4538-67-7	Јоланда Бошевска – библиотекар советник и Гордана Пешевска – библиотекар советник	Библиографија на магистерски трудови и докторски дисертации одбранети на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, 1991-2016	2017	150 примероци	Министерство за култура

- 978-608-4538-64-6, наслов Млади поетски перформанси (Избор на поетски творби,) уредници Фатма Бајрам Аземовска и Илче Стојановски, година на издавање 2017;
- 978-608-4538-65-3, наслов Кога тато ќе порасне, автор Дан Оријан, видео запис, година на издавање 2017;
- 978-608-4538-66-0, наслов Дванаесетта роднокрајна средба со битолските писатели од Македонија, Зборник на излагања, главен и одговорен уредник д-р Николче Вељановски – библиотекар советник, година на издавање 2017;
- 978-608-4538-67-7, наслов Библиографија на магистерски трудови и докторски дисертации одбранети на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, 1991-2016, составиле, уредиле и редактирале Јоланда Бошевска – библиотекар советник и Гордана Пешевска – библиотекар советник, година на издавање 2017 и
- 978-608-4538-68-4, наслов Човечката библиотека во функција на социјалната инклузија кај учениците од ранливите категории, автор проф. д-р Моника Марковска, година на издавање 2017 година.

КНИГА

ЗА ЕДУКАТИВНИ И ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ И ЗА ДРУГИ МАНИФЕСТАЦИИ НА НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА ЗА 2017 ГОДИНА

Битола, 2017 г.

Република Македонија
НУ Универзитетска библиотека
Св. Климент Охридски
ул. Пеце Матичевски 39
7000 Битола
Бр._____2018г.

Republic of Macedonia
NI University Library
St. Kliment Ohridski
Pece Matichevski 39
7000 Bitola

тел./tel.: ++389-47/220-208 факс/fax: ++389-47/220-208 e-mail: nuub@nuub.mk веб страна: www.nuub

КНИГА

ЗА ЕДУКАТИВНИ И ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ И ЗА ДРУГИ МАНИФЕСТАЦИИ НА НУУБ„СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА ЗА 2018 ГОДИНА

ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ

БИБЛИОТЕЧНА ДЕЈНОСТ И СЛЕДЕЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОБРАЗОВНАТА, КУЛТУРНАТА И ИЗДАВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

РАБОТИЛНИЦИ ЗА ЖЕНИ ПРЕТПРИЕМАЧКИ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

Пелагонискиот регион е место каде се повеќе се отвараат т.н. женски бизниси, во сопственост на жени, претежно од микро и макро карактер. Поттикнати од своја лична потреба за спроведување на своја идеја за бизнис, жените се повеќе се одважуваат да отвараат свои бизниси.

За таа цел во просториите на Библиотеката се одржа обука, која беше наменета за сите оние жени кои имаат намера да остварат бизнис или веќе се во бизнисот, а и сите оние кои едноставно сакаа да бидат дел од обуката и да научат нешто ново.

Обуката се одржа на ден 31.01. – 01.2.2017 година.

Предавач на обуката беше Верица Мажевска.

Обуката ја реализира Организацијата на жени на општина Битола-Битола, во соработка со НУУБ „Св.Климент Охридски“ – Битола, која исто така го поддржува женското претприемништво со цел да се зголеми бројот на жени претприемачи во градот.

ОРАТОРСКО МАТИНЕ

Петгодишен јубилеј, ОРАТОРСКО МАТИНЕ се одржа на ден 17.12.2016 година во просториите на Библиотеката. Во зборот е смелоста и цврстината на детската мисла и детските желби. Ги чувме што имаа да ни кажат и порачаат младите оратори и слушајќи ги, се замисливме за момент. Течеа прикладни зборови, вистинити, топли, искрени докрај...

I награда: Јана Вангеловска 8 одд. ОУ „Даме Груев“ - ОРАТОРСКИ ВЕНЕЦ

II награда: Ема Лазарова 8 одд. ОУ „Даме Груев“

II награда: Христина Костовска 8 одд. ОУ „Стив Наумов“

III награда: Мукадес Ислам 9 одд. ОУ „Даме Груев“

III награда: Ана Долевска 7 одд. ОУ „Д-р Трифун Пановски“

Комисија:

Кристина Ташевска - ОУ „Коле Канински“

Ленче Богоевска – ОУ „Даме Груев“

Иле Стојановски - НУУБ „Св. Климент Охридски“

Благодарност до сите учесници, млади оратори од нашето училиште и гостите од останатите училишта од градот, младата водителка Андреа Наковска 8 одд., младиот гитарист Виктор Јовановски 8 одд., прекрасниот глас на Јована Здравевска, без кои немаше овој натпревар да има таква светлина, благодарност до сите наставници-ментори, до Комисијата за доделување на наградите.

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА МАЈЧИНИОТ ЈАЗИК

На ден 21.02.2017 година, со почеток во 12 часот, во просториите на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, Библиотеката во соработка со Основните училишта „Коле Канински“, „Св. Кирил и Методиј“, „Ѓорѓи Сугарев“ и „Даме Груев“ од Битола, со пригодна програма се одбележа 21 Февруари – Меѓународен ден на мајчиниот јазик, кој УНЕСКО го прогласи на 30 – тата сесија на

Генералната конференција во 1999 година. Во 2000 година, 21 Февруари е промовиран како Ден на лингвистичката и културната разновидност и мултилингвизам. Јазикот е суштинскиот белег на идентитетот на секоја група или поединец, кој претставуваат хармонична поврзаност помеѓу глобалното и локалното. Мајчиниот јазик е најголемата вредност за секоја нација. Јазиците се многу важни за постигнување на основните цели на Образование за сите. Тоа е и исто многу важно и за промовирање на културната разновидност како и во борбата против неписменоста и во квалитетното образование кое вклучува предавања на мајчиниот јазик во почетните години на школувањето за секој да може да ги научи вредностите на својот јазик, кој го изразува идентитетот. Јазиците се важни и во борбата за подобро социјално вклучување, за креативноста за економскиот развој и за зачувување на знаењата на сопствените предци. Во светот денес се зборуваат околу 6 500 јазици, но и многу јазици се исчезнати со што на еден начин тоа претставува бришење на идентитетот. Затоа е прогласен овој ден на мајчиниот јазик, за да се добие свеста на луѓето од сите нации да се борат за зачувувањето на својот мајчин јазик. Треба да се почитува важноста на јазичната разновидност и повеќејазичност и секој да го негува сопствениот јазик. Денес секој нека се запраша колку е важен мајчиниот јазик, за понатаму да го одржуваме и негуваме нашиот јазик т.е. идентитет. Нашата земја е мала, но сепак имаме свој јазик кој го одразува нашиот идентитет во светот. Македонскиот јазик е сврзно ткиво за сите нас што живееме тука и тој не обединува да бидеме силна нација од луѓе што се разбираат меѓу себе.

ТРИ ДЕНА ЖЕНСКИ АКТИВИЗАМ ВО БИТОЛСКАТА БИБЛИОТЕКА

НУУБ „Св.Климент Охридски“ - Битола и Организацијата на жени од Битола организираа три дена женски активизам по повод 8 – ми март, потенцирајќи го значењето на жената во денешното општество. Тридневната програма, која се одвиваше во библиотеката, опфати промоција на новата стихозбирка “Душевни болки“ од Светлана Папачек, доделување на наградите по повод конкурсот за краток расказ “За жената“ и приредба на дечињата од Центарот за ран детски развој „Бонбончиња“,

Оваа година НУУБ „Св.Климент Охридски“ - Битола во соработка со Организацијата на жени од Битола, организираа три дена женски активизам, потенцирајќи го значењето на жената како писател, како составен дел од домот и како мајка. Во трите дена на различен начин, библиотеката вдоми многу голем број посетители во рамките на овој настан.

Првиот од предвидените три дена на женски активизам беше посветен на промоција на најновата стихозбирка „Душевни болки“ на Светлана Папачек, која воедно е членка на Организацијата на жени. Во оваа стихозбирка, како што потенцираше и самата авторка на промоцијата, се издвоени околку 30-тина творби кои произлегуваат директно од нејзината душа, што, всушност, го покажува и самиот наслов. Втората активност, беше доделување на награди и благодарници на учесниците по повод конкурсот „Жената денес“. Жири комисјата, составена од три члена, донесе одлука да ги награди расказите: III награда расказ: ,,Жената денес,, шифра: ЖЕНА автор: Милкица Миленковиќ - Стојанова Штип II награда расказ: ,,Жената денес,, шифра: Огнило автор: Јасна Петкоска с. Орман - Охрид I награда расказ: ,,Таму, каде што си ти,, шифра: ОГЛЕДАЛО автор: Сузана Ѓорѓиевска Прилеп. Третиот ден го отстапивме на најмладите, односно кај нас се одржа приредба на децата кои го посетуваат центарот за ран детски развој „Бонбончиња“. Тие одржаа приредба на која ги славеа енергијата, храброста и силата која секоја жена и мајка ги имаат.

НУУБ „Св.Климент Охридски“ - Битола редовно во своите активности вклучува настани со кои го одбележува значењето, влијанието и потребата од почитувањето на жената во секојдневното живеење. За таа цел, често пати поставува и изложби на книгио од писатели жени, сеедно дали тие пишуваат детска литература, проза или поезија.

“САКАМ ТРИ НЕШТА: ЗЕЛЕНО, ЧИСТО И ВЕСЕЛО„

Со цел поттикнување на еколошката свест на младите, НУУБ „Св.Климент Охридски“ - Битола и ОУ„ Д-р. Трифун Пановски„ – Битола од 15 до 21 март 2017 година, организираа изложба на ликовни творби на учениците.

Тема на изложбата беше “Сакам три нешта: зелено, чисто и весело. На настанот беа доделени награди и благодарници на учениците кои конкурираа на литературната творба на македонски, англиски и германски литературен јазик на тема “Природата е наш мир“.

ПРОМОЦИЈА НА ЗБИРКА ПЕСНИ

На ден 18.03.2017 година, НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола и Заедницата на Хрвати во Р. Македонија – Огранок Битола организираа промоција на Збирка на песни од учениците кои се дел од хрватската настава во Р. Македонија и збирка „Души“ од Магдалена Џунковска од Битола.

Збирката на поезија „Души“ е поделена на два дела и опфаќа песни на ученици на хрватски јазик, песни собрани од самата настава во период од четири години, обединети во една збирка и песни од ученичката средношколка од Битола Магдалена Џунковска со хрватско потекло, која што од својата најрана возраст пишува песни, најчесто тематски врзани со нејзиното растење. Песните се изворно напишани на македонски јазик и преведени на хрватски јазик и се илустрирани од најмладите учесници на наставата, со што збирката добива на својата автентичност. Песните ги редактира и подготви за печатење наставникот Ведран Искра кој часовите по хрватски јазик и култура ги држи во Скопје, Тетово, Куманово и Битола.

Промоцијата беше збогатена со рецитал од страна на учениците кои следат настава по хрватски јазик, а беше прикажан и документарен филм инспириран од самата настава и нејзините учесници. Наставата по хрватски јазик и култура ја организира Министерството за наука и образование за деца и млади на Република Хрватска, за хрватски државјани кои привремено или постојано живеат во другите држави, т.е. на деца и млади со хрватско потекло на кои хрватскиот јазик им е мајчин јазик. Истовремено наставата е отворена и за сите други деца кои сакаат да го изучуваат хрватскиот јазик и да се запознаат со хрватската култура.

Промоцијата беше збогатена со рецитал од страна на учениците кои следат настава по хрватски јазик, а беше прикажан и документарен филм инспириран од самата настава и нејзините учесници.

72 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА НУУБ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

Во рамки на одбележувањето на 72 годишнината од основањето на библиотеката НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола се организираа повеќе активности за одбележување на роденденот на Библиотеката.

- На ден 22 март (среда) 2017 година, се промовираше проектот „Ние сме Љубов“. Литературен, музички и танцов перформанс на деца и млади со посебни потреби (аутизам, оштетен слух и говор и пречки во развојот) во соработка со деца од основните училишта од Битола.

- Од 24 март до 31 март 2017 година, во холот на библиотеката беше поставена тематска изложба на ретроспективна изложба на книги кои се во издание на библиотеката од основањето до денес.

- По овој повод како и одбележувањето на Светскиот ден на театарот, на 27 март 2017 година 2017 година, се одигра претставата „Театар во библиотека“, во соработка со детското драмско студио „Арт и медиа“ – Битола.

- На 30 март 2017 година со почеток во 12.30 часот, во просториите на библиотеката се промовираше проектот „Еко библиотека“.

Како завршен настан во рамките на програмата за одбележување на 72-от роденден на библиотеката и 83 годишнината од раѓањето на Борислав Талевски, ликовен уметник од Битола, на ден 31.03.2017 2017 година, во просториите на библиотеката следуваше отворање на ликовна изложба „Ликовни одблесоци – сеќавање на творештвото на Борислав Талевски“.

ПРОЕКТ „НИЕ СМЕ ЉУБОВ“

На ден 25.05.2017 година во Националната установа Универзитетска библиотека Св.Климент Охридски“ - Битола, се одржа завршниот настан на проектот „Ние сме љубов“. „Ние сме Љубов“ е литературен, музички и танцов перформанс во организација на Националната установа Универзитетска Библиотека „Св. Климент Охридски“- Битола за деца и млади со посебни потреби, деца од Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух, говор и глас и други проблеми во развојот „Кочо Рацин” Битола, лица со даунов синдром и пречки во развојот кои се дел од Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – „Порака“, во соработка со деца, членови на модерниот балет во „Анастасија Центар“. Овој перформанс има за цел да ги обедини сите деца и млади преку уметничките изразни средства. Одбрана е темата „Љубов“ како основна нишка на постоењето која ги поврзува и испреплетува сите човечки битија. Кореограф и музички педагог во проектот е Стефанија Милевска.

Раководител на проектот е Анастасија Милевска (виш библиотекар во Националната установа Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ - Битола).

Проектот е финансиран од Министерството за култура на Република Македонија.

ПРОЕКТ „СЛУШАЈ МУЗИКА – БИДИ СРЕЌЕН“

На 24 март (петок2017 година, во просториите на библиотеката, се промовираше втората фаза од проектот „Слушај музика – биди среќен“. Во втората фаза, со членовите на танцовиот спортски клуб „Step Up”,имавме можност да слушаме и танцуваме на разни видови музика со различни возрасти од најмлади до највозрасна група наши корисници.

ПРОЕКТ „ТЕАТАР ВО БИБЛИОТЕКА“

По повод 72-риот роденден на Библиотеката, како и одбележувањето на Светскиот ден на театарот, на 27 март 2017 година (понеделник) се одигра претставата „Театар во библиотека“, во соработка со детското драмско студио „Арт и медиа“ – Битола. Децата од драмското студио прикажаа интересни ситуации кој се случуваат во библиотеката на еден шеговит, на едукативен и креативен начин и порака за подигање на свеста и културата на читање и користење на литература. По завршувањето на претставата следуваше интерактивна работилница „Нацртај маскота на библиотеката„ (пријател на книгата), во која учениците – учесници во истата, дадоа различни ликовни прикази, идеи и предлози за изгледот на маскотата на библиотеката.

ПРОЕКТ „ЕКО БИБЛИОТЕКА“

На 30 март 2017 година во битолската библиотека се промовираше проектот „Еко библиотека“. Во реализацијата на проектот во НУУБ „Св. Климент Охридски“ Битола, се вклучени сите основни училишта, учениците и наставниците кои го поминале и се уште го минуваат процесот на имплементација на еколошките стандарди во своите средини, ќе се појават како консултанти на библиотеката, кои ќе водат кон активности за подигање на еколошката свест кај поединците во подобрувања и заштеда во трошењето на ресурсите и зачувувањето на еколошката средина. Проектот опфаќа промоција на низа практики за подигање на еколошката свест и подобрување на информираноста за начините како да се заштити здравата човекова околина.

Проектот е финансиран од министерството за култура на Република Македонија.

„ЛИКОВНИ ОДБЛЕСОЦИ – СЕЌАВАЊЕ НА ТВОРЕШТВОТО НА БОРИСЛАВ ТАЛЕВСКИ“

Како завршен настан во рамките на програмата за одбележување на 72-от роденден на Битолската библиотеката и 83 годишнината од раѓањето на Борислав Талевски, ликовен уметник од Битола, на ден 31.03.2017 (петок) во 12 часот во просториите на библиотеката следуваше отварање на ликовна изложба „Ликовни одблесоци – сеќавање на творештвото на Борислав Талевски“.

За творештвото зборуваа: Лилјана Христова - историчар на уметност, Драган Најденовски - претседател на ДЛУБ и д-р Лили Бошевска - директор на НУУБ „Св.Климент Охридски“ - Битола. Одбележувањето беше надополнето со настап на хорот од Државното музичко училиште - Битола, диригент професор Лилјана Трајковска - Димевска.

ДОНАЦИЈА НА КНИГИ

На ден 28.03.2017 година, Библиотеката се збогати со нови наслови, подарок од докторантите на Оксфорд универзитетот од Англија. Гостите се запознаа со работењето на библиотеката, фондот на книги, организационата структура итн. Гостите ги пренесоа англиските искуства, посебно функционирањето и работата на Оксфордската библиотека.

ПРЕДАВАЊЕ ОД Д-Р СЕМИР ОСМАНАГИЌ - ИНСПИРАТИВНО ПРЕДАВАЊЕ ЗА УЛОГАТА НА ПИРАМИДИТЕ

Во преполнетата сала на ден 11.04.2017 година, откривачот на Босанските Пирамиди со своите откритија кои го менуваат текот на историјата на постоењето на човекот на Планетата Земја ги предизвика присутните да го следат во еден здив. Откритието за Босанките Пирамиди ја менува европската и светската историја засекогаш. За време на предавањето Др. Семир Османагиќ ги претстави новите откритија во врска со истражувања и енергетските мерења направени на врвот на Пирамидите и во подземниот лавиринт на тунели, од страна на признатите руски научници и академици, проф Др. Коротков и проф. Др. Смирнов.

Повеќе од стотици години нè учат дека Пирамидите се градени само во Египет и Мексико како гробници или како церемонијални места за жртвување. Тоа не е вистина.

Пирамидите се присутни на сите континенти во светот и многу независни истражувачи го имаат докажано тоа користејќи ги најновите сателитски, георадарски и геотермални инструменти и методи. Со тоа ја отвараат вратата на новата вистина и новата историја за Пирамидите во Светот.

Д-р Семир Османагиќ е човек кој што ги има истражувано пирамидите во Перу, Хондурас, Мексико, Салвадор, Боливија, Кина, Маурициус, Гватемала и многу други земји во светот. Во 2005та година ги открива Босанските Пирамиди во Високо, поради што е примен во Руската Академија на Природни Науки како најмлад член на таа институција во која се наоѓаат и неколку десетина истакнати добитници на Нобеловата награда. После потврдата од страна на истакнати египетски научници за постоењето на Пирамидите во Босна, тој патува низ целиот свет и предава за Босанските Пирамиди

23 – АПРИЛ - СВЕТСКИ ДЕН НА КНИГАТА И АВТОРСКОТО ПРАВО

По повод светскиот ден на книгата и авторското право, Националната установа Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ – Битола го одбележа со пригодна програма. Идејата за одбележување на Светскиот ден на книгата и авторското право, потекнува од Каталонија, каде на 23-ти Април на денот на католичкиот празник „Св.Јурја“, традиционално се подарува ружа за секоја подарена книга , традиција која трае скоро 100 години. Се смета дека токму овој датум е избран затоа што на 23 април како повод е земена и смртта на великаните на светската книжевност Мигуел Де Сервантес и Вилијам Шекспир. Одбележувањето на Светскиот ден на книгата и авторското право се реализира во сабота, 22 април 2017 година. Со почеток во 10 часот во просториите на библиотеката се прочитаа пораките од г-ѓа Ирина Бокова, Генерален директор на УНЕСКО, во која се вели дека хуманоста на едно општество се мери со степенот на грижата кон најранливите категории. Ако тоа се однесува за достапноста на книгите за лицата со оштетен вид, на оние со потешкотии во учењето или пак на оние со физички пречки, од различни причини, ќе се соочиме со фактот што слободно може да се нарече „глад за книгите“.Во рамки на конвенцијата, УНЕСКО, се залага за промовирање на подобро разбирање на проблемите

поврзани со хендикепот, за признавање на достоинството, на правата и на добродетелството на хендикепираните лица како и за придобивките од нивното интегрирање во општеството. Тоа е идејата според која градот Конакри во Гвинеја е назначен за Светска престолнина на книгата за 2017 година, како признание за неговата програма за промоција на читањето кај младите лица и кај обесправените групи на население. Со градот Конакри и нашите партнери како што се Светското здружение на издавачте и Меѓународната федерација на библиотекарските асоцијации и институции - ИФЛА, ние се обединуваме да ги славиме книгите со желба да споделиме идеи и знаења за да го поттикнеме разбирањето, толеранцијата и инклузивните општества. Беше прочитана и македонската порака од проф. д-р Иван Џепаровски, филозоф и поет во која се вели „ на Светскиот дена на книгата и на авторското право, е добро да се потсетиме на Умберто Еко (1932-2016), кој почина минатa година, а кој постојано, и во своите книжевни и во своите теориски дела, укажуваше на важноста на книгите, на библиотеките, како и на меморијата која во овие светилишта на зборот суверено владее во име на бесмртните автори“. Инаку пораките од г-ѓа Ирина Бокова, Генерален директор на УНЕСКО и македонската порака од проф. д-р Иван Џепаровски ги прочитаа библиотекарите Илче Стојановски и Маријан Котевски. Поезија читаше Елизабета Јончиќ. Им благодариме на учениците од ОУ „Стив Наумов“ – Битола за нивната поддршка и појавениот интерес да бидат гости на настанот. Во завршниот дел присутните ги забавуваше кант авторот Славчо Спировски – Слав . На крајот на настанот на читателите им се доделија традиционално книги и рози. Во холот на библиотеката, поставена е тематска изложба на книги од великаните на светската книжевност Мигуел Де Сервантес , Вилијам Шекспир и Лопе Де Вега.

ОДБЕЛЕЖАН 22 АПРИЛ - ДЕНОТ НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА

НУУБ „Свети Климент Охридски “ – Битола во соработка со Ротари Клубот „Битола Широк Сокак“ го одбележаа Денот на Планетата Земја под мотото „ТРЕНДАФИЛИ ЗА ЧИСТА ПОЧВА“. Идејата на одбележувањето е да се сврти вниманието на пошироката јавност за значењето на почвата за целокупниот живот на Планетата Земја како и процесите на загадување, деградација и опустинување. Со засадување на трендафилите ќе се даде придонес кон прочистување на почвата од тешките метали како што се олово, цинк, кадмиум

и други. Настанот беше можност за неформална средба на директорот на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола Д-р Лили Бошевска и Претседателот на Ротари клубот „Битола Широк Сокак“ - Никола Бабовски. На неформалната средбата се разговараше за можностите за соработка и заеднички проекти како што е поставување на сензори за светло и вода во НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола идеја што со задоволство е прифатена од страна на Ротари клубот. Со денешниот настан се даде придонес кон глобалните напори за спас на Планетата Земја и заштита од деструктивното „јас“ на човештвото од кое страда целокупниот еко систем.

ФРАНЦУСКО-ГЕРМАНСКИ САЕМ НА ДЕТСКА ЛИТЕРАТУРА

Националната установа Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ - Битола, Францускиот институт во Скопје, Гете-Институтот Скопје организираа Француско-германски саем на детска литература, со наслов „Го читаме другиот“.

Саемот се одржа на ден 26.04.2017 година, во Националната установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“- Битола во холот на библиотеката.

Почесни гости на Саемот беа писателите Јана Хајнике и Марк Бутаван.

Во рамки на програмата на саемот, се одржаа работилници, книжевни читања и дебати со гостите.

Овој проект, поддржан од Француско-германскиот културен фонд, има цел да ја промовира книгата како фактор за културна отвореност и еманципација. Преку читањето на странски јазик младите се воведуваат во светот на туѓата култура, но и во структурата на туѓиот јазик.

МЕЃУНАРОДЕН ПРОЕКТ „НОЌ СО АНДЕРСЕН“

Интернационалниот проект „Ноќ со Андерсен „успеа да ја маѓепса цела Македонија.

Учителката Весела Богдановиќ од Битола – Македонија, заедно со колешките Зузана Путник, Анна Хркова и ОУ „Млада Поколења” од Ковачица (Србија), а со поддршка од страна на Министерствата за култура на Чешка и Словачка, направија вистинско инспиративно движење во образованието во овој регион и пошироко.

Националната установа Универзитетска библиотека НУУБ „Св.Климент Охридски“ – Битола, беше една од први институции кои аплицираа за учество во овој креативен проект со 16 годинашна традиција. Се овозможи прилика за учество во овој проект на сите училишта и градинки. Во изминатите 6 месеци вратите на библиотеката беа ширум отворени за сите креативци, а читалните претворени во најубави занимални исполнети со интегрирани часови, читачки и творечки авантури, математички бајки, активности за предучилишни и деца од училишна возраст.

За прв пат на 01.04.2017 година во просторите на библиотеката, цела ноќ беше отворена библиотеката и се реализираа следниве активности; читање под ѕвездите, театар на сенки, креативни работилници, зумба, вечера под отворено небо..тоа се само дел од активностите кои се реализираа за време на завршниот настан во просториите на библиотеката. Преку 140 дечиња од повеќе училишта оваа завршна ноќ ја поминаа токму тука заедно со своите наставници и вработените од библиотеката.

НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА ГОСТИН ВО ЕМИСИЈАТА „ГОЛЕМ ОДМОР„ ПРИ МАКЕДОНСКАТА ТЕЛЕВИЗИЈА

Гледачите имаа можност да слушнат дел од активностите на библиотеката која ги презентираше д-р Лили Бошевска, во кој се вклучени дел од основните училишта „ Гоце Делчев“, „Кирил и Методиј“, „Елпида Караманди“, учениците од „Кочо Рацин“ од село Ивањевци- општина Могила,Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух “ Кочо Рацин “ - Битола со ученици, учесници од детското драмско студио „Арт и медиа“ – Битола, хорот Ѕвончиња, настап на учесниците од танцовиот клуб „Step Up”, Изабела Насковска - ученичка од ОУ „Кирил и Методиј“ - Битола, зборуваше за библиотекарската секција при училиштето и за натпреварот „Млади библиотекари“, наставничките Весела Богдановиќ, Јасмина Танчевска, Драгана Пискачева и Билјана Стојкова.

„ПРЕВЕНЦИЈА, РАНА ДИЈАГНОСТИКА И ТРЕТМАН НА РАК НА ДЕБЕЛОТО ЦРЕВО„ – ПРЕДАВАЧ АСИСТЕНТ Д-Р ОГНЕН КОСТОВСКИ

Во организација на Националната установа Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ – Битола, „Сумнал“ – здружението за развој на Ромската заедница и Ротари клубот „Широк Сокак“ Битола , се одржа работилница на тема „Превенција, рана дијагностика и третман на рак на дебелото црево„ – предавач асистент д-р Огнен Костовски – шеф на отсек за колоректална хирургија при клиниката „Мајка Тереза“ – Скопје. Предавањето се одржа на 20 мај 2017 година, во просториите на Националната установа Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ – Битола. На предавањето присутните имаа можност да слушаат како се проширува ракот на цревата, какви се најновите пристапи во лекувањето, што е најдобра превенција итн.

На крајот на предавањето организациите организатори му доделија благодарници за успешната соработка.

Ракот на дебелото црево е болест на индустриски развиениот западен свет. Високиот социо-економски стандард, како и типичниот западен стил на живеење, исхрана, животни навики и активности, се причините за се поголемата честота на јавување на ракот на дебелото црево која поприма епидемиски размери. Како се проширува ракот на цревата?

Основата за развој на карцином на дебелото црево се полипите на дебелото црево. За да се создаде од нормална лигавица полип на дебелото црево, потребни се околу десет години. Секој може да развие полип или карцином на дебелото црево, но некои имаат повисок степен на ризик од другите. Тоа зависи од наследните и од индивидуалните фактори. Во почетокот полипите се бенигни, но со тек на време добиваат потенцијал да се претворат во малигни. Само 10% од полипите на дебелото црево имаат наследен фактор на раст, додека 90% настануваат со стимулација на локални фактори од цревната содржина, и се јавуваат по педесетта година на животот. Полипите кои имаат наследен фактор се јавуваат до 50-тата година од животот и се развиваат во рак кај 100% од случаите, доколку не се отстранат ендскопски или хируршки. Во почетокот полипите се бенигни, но со тек на време добиваат потенцијал да се претворат во малигни. Само 10% од полипите на дебелото црево имаат наследен фактор на раст, додека 90% настануваат со

стимулација на локални фактори од цревната содржина, и се јавуваат по педесетта година на животот. Полипите кои имаат наследен фактор се јавуваат до 50-тата година од животот и се развиваат во рак кај 100% од случаите, доколку не се отстранат ендскопски или хируршки.

„ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ И ИНТЕРНЕТОТ ВРЗ ЈАЗИЧНИОТ ИЗРАЗ НА МЛАДИТЕ“

По повод 24 мај - денот на сесловенските просветители „Св.Кирил и Методиј“ во Националната установа - Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ - Битола се одржа презентација на тема:„Влијанието на социјалните мрежи и интернетот врз јазичниот израз на младите“.

Истата беше реализирана од учениците Магдалена Јаневска и Александар Ивановски. Во неа се презентираа сопствените согледувања за тоа колкаво е влијанието на социјалните мрежи и интернетот врз нивното секојдневно комуницирање и правилната употреба на јазичната норма на македонскиот јазик.

Презентацијата беше збогатена со извадоци од книгата „Панонски легенди“ што послужија како исконско навраќање низ нашето минато и животот и делото на големите сесловенски просветители „Св.Кирил и Методиј“ подготвено од професорката Николина Поповска.

ПРОЕКТ „МЛАДИ ПОЕТСКИ ПЕРФОРМАНСИ“

Националната установа Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ – Битола започна да го реализира проектот „Млади поетски перформанси“, наменет за млади автори на поетски творби од Пелагонискиот регион, за ученици од 5-9 одделение од основните училишта, ученици од средните училишта и млади на возраст од 18 до 24 години.

„Целта на проектот е да ги поттикнеме и мотивираме младите литературни творци да пишуваат, да го промовираат и афирмираат своето креативно творештво за прв пат да се објави, со што ќе им се даде можност да се претстават пред пошироката јавност“, велат од библиотеката. Во поттекст на проектот е заложбата за силна и директна стимулација на творештвото на младите автори од нашата земја. Проектот опфаќа конкурс за доставување на поетски творби. Најдобрите, најквалитетните творби се објавени во заедничката збирка на поезија и беа промовирани во просторите на Библиотеката. Во рамки на проектот се одржаа работилници со следниве теми „ Модерни текови и трендови во современата поезија“, „Предавање од областа на поезијата, посочување теми, „Пишување на песна и интерпретација на напишаната песна“,„Електронските алатки и можноста за промоција на поетското творештво на младите поети“, „Од развивање на идеја – дело до промоција на дело“.

Проектот е финансиран од министерството за култура на Република Македонија.

12-ТА РОДНОКРАЈНА СРЕДБА НА БИТОЛСКИТЕ ПИСАТЕЛИ

12-тата Роднокрајна средба на битолските писатели во Македонија како и секоја година на 26 мај 2017 год., во Роднокрајната читална на НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ Битола се одржа Тркалезна маса на тема: Инспиративни моменти од мојата автобиографија.

Дваесетина роднокрајни писатели од Битола, Струга и Скопје меѓу кои Панде Манојлов, Владимир Костов (во отсуство), Никола Кочовски, Ѓорѓи Прчков, Радован П. Цветковски, Добре Тодоровски, Ванде Ганчевски, Весна Мундишевска Вељановска, Сања Мучкајева Видановска, Елизабета Јончиќ, Биљана Т. Димко, Вера Стојчевска Антиќ, Гордана Михаилова Бошнакоска, Христо Петрески (во отсуство), Ванчо Полазаревски, Петко Шипинкаровски и други ги прочитаа своите најинтересни моменти од својот живот кои влијаеле врз нивното творештво.

Раководител на проектот и модератор на средбата беше д-р Николче Вељановски. на почетокот присутните беа поздравени од директорката д-р Лили Бошевска.

Со едноминутно молчење му беше одадена почест на неодамна починатиот Богоја Таневски кој како роднокраен писател беше редовно присутен на Средбите.

Од ова традиционално дружење на битолските писатели, на есен, ќе произлезе и дванаесеттиот (12) по ред Зборник на излагања.

Како и секогаш Средбата е спонзорирана од Министерството за култура на РМ.

ДЕЦАТА ЧИТААТ

Во 18 часот, во просториите библиотеката, а во рамки на своите активности за популаризација на книгата и подигнување на културата на читање, НУУБ – Битола и издавачката куќа Едука Мак организираа креативна работилница „Децата читаат“ на која ќе биде доделена наградата за најдобар читател во Детското одделение при Библиотеката и наградата„ „SВЕЗДЕНИ ТРЕПЕТИ“ која и припадна на авторката Ели Маказлиева за книгата „Авантурите на мачорот Перко“. НУУБ – Битола ќе продолжи да ја доделува секоја година

за најпопуларна, најомилена и едукативна книга за деца. Настанот се одржа на ден 30.06.2017

СРЕДБА СО ПИСАТЕЛИ

Во просториите на детската градинка „Пролет“ – Битола, се одржа средба на децата со писателите за деца Ели Маказлиева, Панде Манојлов и Александра Велинова.

Во текот на средбата беа промовирани најновите книги за деца: „100 ИЛУСТРИРАНИ БАСНИ ОД ЕЗОП“,„АВАНТУРИТЕ НА МАЧОРОТ ПЕРКО“, „БИДЕЈЌИ СУМ ДЕТЕ“. Настанот беше во соработка со НУУБ „Св.Климент Охридски“ – Битола, издавачката куќа Едука Мак и градинката „Естраја Овадија Мара“ – Битола (клон Пролет)

Литературното творештво за деца е од особено значење во текот на нивното воспитување, образование и правилен развој и истото треба се повеќе да се негува и популаризира. Беа промовирани новите книги на Едука Мак и доделени награди на 12 деца "НАЈЧИТАТЕЛИ" и тоа на: Марија Јоновска, Јован Српчански, Петар Лозановски, Ангела Димовска, Константин Стојановски, Ана

Стојанова, Ана Дичовска, Мирем Ахмедова, Јована Арсоска, Анастасија Дурлова и Ангела Мешеска. Настанот се одржа на ден 30.06.2017 година.

Р**АБОТИЛНИЦА ЗА ЕДИЦИЈАТА** „МАКЕДОНСКИ ИСКУШЕНИЈА“•

Во роднокрајната читална на Библиотеката се одржа работилница воо рамки на проектот „По врвиците на хероите на Македонија“,едицијата „Македонски искушенија (5 мултимедијални настани), беше најпрво претставена од професор Ѓорги Чекутков, кој зборуваше за Павел Шатев. Беа прикажани инсерти од документарни филмови кои ја даваа историската димензија, односно придонесот на истакнатите македонски дејци за ослободувањето и осамостојувањето на Република Македонија и соодветните настани и околности во времето во кое тие живееле, твореле и се бореле. Проектот е поддржан од Министерството за култура на Република Македонија и општина Битола во рамки на програмата БИТФЕСТ 2017. Следните работилници беа на темата за„Животот и делото на Христо Татарчев“ предавач проф. Владо Кузмановски, „Животот и делото на Кузман Јосифовски Питу“ - предавач проф. Ѓорги Јуруков, „Животот и делото на Јане Сандански“- предавач проф. Александар Јаневски. Предавањата се одржаа во месец септември 2017 година.

„ЉУБОВТА КОН ЧИТАЊЕТО“

Во Детската одделение на НУУБ „Св.Климент Охридски“ - Битола се реализира работилница на тема – „Љубовта кон читањето“. Работилницата ја реализира одделенскиот наставник од ОУ„ Даме Груев„ - Битола, м-р Нела Неделковска, а учествуваа младите читатели на пишаниот збор. Целта на работилницата беше да се развие љубов кон читањето. Да научат дека читањето ја поттикнува и развива фантазијата, креативноста и имагинацијата. Читањето го збогатува речникот и опушта. Присутните ги поздрави в.д. директорката на НУУБ – Битола, м-р Јелена Петровска - ги поздрави присутните деца и родители и ги воведе во правилата на

работилницата. Се водеше дискусија и се даде до знаење дека книгите се многу подобри од филмовите, бидејќи се она што е напишано во книгата не може да се пренесе на големо платно.

Сите деца самостојно си одбраа омилен лик од прочитана книга и истиот го илустрираа. Следеше презентација.По завршувањето на работилницата следеше и запознавање со просториите во библиотеката. Работилницата се одржа на ден 28.07.2017 година

ЗБИРКА НА ДРОБЕН ПЕЧАТ

Во рамките на БИТФЕСТ 2017 година, во стариот дел на Библиотеката (втор кат) беше претставена Збирката на дробен печат, кој е содржински средена и поставена во витрини. Основна мисија на секоја национална библиотека е да го комплетира, чува, обработува и промовира библиотечниот материјал. Со години наназад дробниот печат во НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола е прибиран, комплетиран и истиот опфаќа – плакати, летоци, проспекти, разгледници, фотографии, адресари, билтени, брошури, именици, каталози и др.

Во сочуваниот библиотечен материјал претставено е минатото со различни општествени случувања, фестивали итн. кои се одржале на овие простори и оставиле белег на едно време. Настанот се одржа на ден 09.08.2017 година.

„МОЈАТА ПОИНАКВА ЛЕКТИРА -КНИГА ВО КУТИЈА“

Во рамки на БИТФЕСТ 2017 – во Библиотеката се одржа работилница на тема „Мојата поинаква лектира – книга во кутија“. На работилницата учествуваа ученици од второ до петто одделение, изведуваа активности по лектирно дело кое им оставило најголем впечаток, изработуваа цртежи, корици од прочитаното лектирно дело. Работилницата траеше еден час. После завршената работа учениците го презентираа она што го изработија, извлекуваа заклучоци, зошто се одлучиле да го работат токму тоа лектирно дело. Посебно беше задоволството од условите во Библиотеката наместо во школските клупи. Работилницата се одржа на 11.08.2017.

ДЕТЕТО КОЕ НЕ САКАШЕ ДА ЧИТА

Во рамки на БИТФЕСТ 2017 година, во просториите на Библиотеката се одржа театарска претстава „ДЕТЕТО КОЕ НЕ САКАШЕ ДА ЧИТА“, текстот е адаптација од авторско дело на српската писателка Јасминка Петровиќ. Оригиналниот наслов е „Како постати и остати глуп!“ – лесна, забавна поучна содржина со хумористични елементи. Главниот лик има голема аверзија кон книгите и читањето, но да се спаси од секојдневните притисоци на родителите, мудро се крие во школската библиотека. Претставата беше одржана на ден 16.08.2017.

„МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ“

Промоцијата на книгата „Македонски иселенички меридијани“ од авторот Славе Катин.

се одржа во просториите на библиотеката со почеток во 19 часот. Книгата е објавена од издавачките куќи „Македонска искра“ и „Матица македонска“ од Скопје, а рецензенти се поглаварот на МПЦ-ОА архиепископот Стефан и проф. д-р Вера Стојчевска - Антиќ.

Изданието беше претставено од писателот Добре Тодоровски и проф.д-р Вера Стојчевска – Антиќ. Делото на Катин е еден вид именик, или биографски колаж со карактеристични податоци поместени со низа бројки и факти од животот и делата на 150 личности од македонско потекло. Во книгата на 600 страници се објавени имиња на познати и признати личности, со различни образованија и занимања, општественици и духовници вградени во изградбата на македонските православни цркви од нивното конституирање од дамнина до денес. Овој импозантен број имиња е значаен за македонската национална, духовна, културна, стопанска и научна дејност, со што се прикажува вистината за македонското иселеништвото во минатото и сегашноста. Промоцијата беше на ден 24.08.2017

ЕВРОПСКИ ДЕН НА ЈАЗИЦИТЕ

Француската Алијанса Битола и Националната установа Универзитеска библиотека „Св.Климент Охридски“ - Битола го одбележаа Европскиот ден на јазиците 26 Септември преку европски кулинарски обичаи. Учесници беа ученици од основните училишта од Битола, каде што што се учи француски јазик и секое училиште подготви храна според кулинарските обичаи од некоја европска

држава. На крајот на настанот, присутните гости уживаа во прекрасната храна подготвена со многу љубов од самите ученици. Настанот се одржа на ден 26.09.2017 година.

МУЛТИМЕДИЈАНО ЦД - ВО ПРОСТОРИИТЕ НА НУУБ – БИТОЛА СЕ ПРОМОВИРАШЕ МУЛТИМЕДИЈАЛНО ЦД „КОГА ТАТО ЌЕ ПОРАСНЕ“ ОД АВТОРОТ ДАН ОРИЈАН (DAN ORYAN)

Неодамнешната промоција на книгата за деца „Кога тато ќе порасне“ од авторот Дан Оријан – амбасадор на Израел во Република Македонија, која беше презентирана во Библиотеката и како мултимедијално ЦД, предизвика голем интерес и внимание кај најмладите читатели.

Библиотеката во соработка со “Естраја Овадија Мара“ - Битола - објект „Снегулка“, на 5 октомври 2017 им го претстави мултимедијалното ЦД како и истоимената книга „Кога тато ќе порасне“ од Дан Оријан.

КНИГА ЗА НАСТАВАТА ПО ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК

Во рамки на издавачката дејност на УКЛО на Светскиот ден на учителите, во НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, промивирано е изданието „Методи на наставата по германски јазик како странски јазик“. Проректорот, проф. д-р Виолета Маневска, во својство на

промотор, истакна дека издавачката дејност на УКЛО етаблирана низ изданијата Билтен на Универзитетот, е- весникот Универзитетски глас и научното списание Хоризонти, меѓу другото вклучува и поттикнување преводи на учебници и учебни помагала, како што е изданието „Методи на наставата по германски јазик како странски јазик„ од авторите Герхард Нојнер и Ханс Хунфелд што претставува прв превод во Република Македонија, по претходно добиено авторско право за издавање на преводот, извршен од: д-р Валентина Илиева, м-р Симона Монавчева и Кристина Илиева.

Професорот од Педагошкиот факултет, д-р Даниела Андоновска Трајковска потсети на значењето на методиката како важна научна дисциплина и ја истакна поддршката на УКЛО за научната и стручна мисла на Универзитетот. Настанот се одржа на ден 05.10.2017 година.

МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ПИСМЕНОСТА

Оваа година, Меѓународниот ден на писменоста (8 септември) ќе се прослави низ целиот свет под темата "Писменост во дигиталниот свет". Следејќи ги светските трендови во библиотечната дејност, кон оваа глобална акција се вклучува и НУУБ“ – Битола со бесплатно зачленување во библиотеката на сите деца запишани во прво одделение од основните училишта во Битола и промовирање на електронски читачи на книги (e-book readers).

Акцијата започна на 06.09.2017 и траеше до 31.10.2017 година со приложување на ученичка легитимација или ученичка книшка.

ОКТОМВРИ - МЕСЕЦ НА КНИГАТА 2017

Една од најважните функции на Библиотеката е популаризацијата на книгата и читањето, развивање на свеста и навиките за читање. Октомври е месец на книгата, кога се трудиме да го поттикнеме читањето, и не само тоа, туку преку проектот „Сликовница за секое дете“ и „Месец на книгата“ – НУУБ - Битола, го промовираше читањето и моќта на книгата меѓу најмладите. Проектот е само еден од многуте проекти што го поттикнуваат и стимулираат читањето.

НЕДЕЛА НА ЗАБРАНЕТИ КНИГИ

Во некои земји, властите дури и во денешно време наметнуваат што е морално да се чита врз основа на лични убедувања на поединци - на пр. во Иран (јануари, 2011) забранети се книгите на Паоло Коелјо, а во Русија имаше неуспешна иницијатива да се забранат Набоков и Маркез односно нивните дела: „Лолита“ и „Сто години самотија“, кои се наведуваат како дела што поттикнуваат „перверзни страсти и ги прават поединците несреќни“.Неделата на забранети книги се одбележува ширум светот, уште од 1982 година. Оваа недела беше одбележана и во битолската библиотека, а со цел читателите да се запознаат се повеќе со насловите кои се забранети, изложбата на забранети книги беше продолжена до 7 октомври.

ПИСАТЕЛИТЕ ЗБОРУВААТ ЗА КНИГАТА

Една од активностите предвидени во месецот на книгата е и средбата на ученици со битолските писатели „Писателите зборуваат за книгата“, со цел учениците да се запознаат со писателите, нивната дејност и творештво, воедно да се мотивираат да ги читаат нивните дела, и самите да пишуваат. Писателите Панде Манојлов, Елена Ѓорѓиевска Костандиновиќ и Радован П. Цветковски се дружеа со учениците од ОУ „Даме Груев“ – Битола и наставничката Нела Неделковска . Активностите по повод „Месецот на книгата“ се организираат со цел поголема популаризација и афирмација на книгата и творештвото, важноста и значењето на читањето, особено во најраната возраст. Настанот се одржа на ден 13.10.2017 година.

ПРОМОЦИЈА НА КНИГА „ОБЛИКУВАЊЕ НА ИМЕТО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ДРЖАВАТА“ (ВТОРО ДОПОЛНЕТО ИЗДАНИЕ), ОД АВТОРОТ Д-Р ЃОРЃИ МИХАЈЛОВСКИ

Во организација на Македонското научно друштво од Битола во соработка со НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, се одржа свечена промоција на книгата „Обликување на името Република Македонија на државата“ (второ дополнето издание), од авторот д-р Ѓорѓи Михајловски. За книгата зборуваше промоторот проф. д-р Трајан Дојчиновски. Книгата е во издание на Македонското научно друштво од Битола. Промоцијата се одржа на ден 18.10.2017.

СОРАБОТКА СО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЦЕНТАРОТ ЗА ЕВРОПСКИ РАЗВОЈ И ИНТЕГРАЦИЈА

Со првата свечена сесија која ја одржа г-нот Хајан Селмани започнаа активностите на четвртата генерација на школата за лидерство и кариерен развој ПОЛИТЕА во организација на Центарот за европски развој и интеграција. За време на првата сесија која се одржа на 18.10.2017 а беше организирана со поддршка од НУУБ „Св. Климент Охридски“ од Битола. Учесниците на школата, алумните од трите генерации на ПОЛИТЕА и гости и партнери на школата имаа можност да се запознаат со уникатната приказна на г-нот Хајан Селмани, основач и извршен директор на компанијата ХАСЕЛТ и член на советот за развој на идни технологии во рамките на Microsoft. Тој со присутните го сподели своето искуство за начинот на кој се гради вистинскиот успех кој подразбира отвореност, соработка и несебично вложување во другите со визија за подобро утре. Зборувајќи за различните етапи и предизвици од својот кариерен пат тој ги истакна основните карактеристики кој ги поседува лидерот кој создава промени во зедницата и е следен заради својот интелектуален авторитет. Клучната поента на неговото излагање беше дека успехот е она што доаѓа кога ќе вложите дел од своето знаење и енергија за да им помогнете на другите и ќе му покажете на луѓето околу себе дека вистински ги цените. Акитивностите во рамките на школата ќе се реализираат во периодот од октомври 2017 до средината на месец април 2018 година. Во школата учество ќе земат 27 млади од Битола и општините во Пелагонискиот регион. Во рамките на школата ќе се реализираат 4 модули со околу 16 сесии кои ќе бидат насочени кон развој на знаења и вештини кои на учесниците кои ќе им помогнат како подобро да го менаџираат своето време , како со помош на креативни методи за учење да ја забрзаат својата едукација, како да ги развијат вештините за лидерство и тимска работа и како сето ова да го искористат во градење на успешна кариера. Предавањето се одржа на ден 18.10.2017 година.

ПОСЕТА НА УЧЕНИЦИ

Ученици од ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ - Битола, заедно со своите наставнички, ја посетија НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола, при што беа запознаени со основањето, работата и развојот на Библиотеката. Во текот на посетата беше организирана и кратка креативна работилница посветена на книгата и нејзиното значење. Учениците со посебен интерес и задоволство ги разгледаа детската библиотека, библиотечниот музеј и читалните.

Наставничката Гордана Анастасова и учениците од ОУ „Климент Охридски“ - Битола ја посетија библиотеката, се запознаа со работата на библиотеката, со професијата библиотекар и со музејката поставка. Во текот на посетата им беа покажани новите читални, функционирањето и правилата во читалните, идеи како може максимално да се користат итн. Учениците на крај се сликаа за новите членски картички. Љубопитници Ви благодариме за покажаниот интерес да ја посетите нашата библиотека, бидејќи ова е еден од начините на кој се стекнува навика за читање и љубов кон книгата. Учениците ја посетија библиотеката на ден 19.10.2017 година.

ПРОМОЦИЈА НА КНИГИТЕ „ПЕСНАТА ПАЛИМПСЕСТ“ ОД АВТОРОТ ВЕЛЕ СМИЛЕВСКИ И „УСТАТА НА ЈАВЕТО“ ОД РАДЕ СИЛЈАН

Во библиотеката се одржа промоција на книгите „Песната палимпсест“ од авторот Веле Смилевски и „Устата на јавето“ од Раде Силјан. Промотори на книгата беа проф. д-р Даниела Андоновска – Трајковска, проф.д-р Златко Жоглев и проф.Милица Димитријовска - Радевска. На присутните гости им се обрат м-р Јелена Петровска, в.д. директор. Во издание на книгоиздателството „Матица македонска“ од Скопје излезе од печат поетската книга „Устата на јавето“ од современиот македонски писател Раде Силјан. Во своето седумнаесетто поетско дело авторот застапува седумдесет песни, поделени во седум тематски циклуси, кои сочинуваат неразделна тематска целина. Промоцијата се одржа на ден 03.11.2017 година.

ПРОМОЦИЈА НА КНИГАТА „ТАЈНАТА НА НАШИТЕ КОРЕНИ“ ОД АВТОРКАТА ВЕСНА ИЛИОВСКА

Книгата „Тајната на нашите корени“ од авторката Весна Илиовска беше промовирана во салата за промоции на Библиотеката. Промотор на книгата беше Лилјана Стефановска.

УЧЕЊЕ И РАБОТЕЊЕ ОД ДОМА

Во просториите на Библиотеката се одржа предавање за сите оние кои сакаат да бидат тутори или да учат од комотноста на својот дом, да не одат никаде, а да научат или споделат знаење од јазици, математика, електротехника, креативно пишување. Преку услугите на teachoot.com и ќе се изненадите од добиената услуга. Предавањето се одржа на ден 06.11.2017 година.

ПРОМОЦИЈА НА КНИГА „ГОВОР НА ТЕЛОТО“

Промоцијата на книгата „Говор на телото“ од проф.д-р Зендел Абедин Шехи всушност претставува комплетен навигациски водич за невербална комуникација. Во книгата се зборува за историјата на невербалната комуникација, нејзината природа, еволуција на говорот на телото. Универзални фацијални експресии, читање и анализирање на луѓето околу нас. Промоцијата се одржа на ден 16.11.2017 година.

ПОСЕТА НА УЧЕНИЦИ ОД ОУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – БИТОЛА И ОУ „СТИВ НАУМОВ“ – БИТОЛА

Ученици од ОУ „Гоце Делчев“ – Битола и ОУ „Стив Наумов“ – Битола ја посетија библиотеката. Се запознаа со библиотеката, со нејзиното функционирање. Се надеваме дека допревме до прекрасните ученици да ни бидат нови пријатели на библиотеката. Ви благодариме за посетата. Посетата беше на ден 17.11.2017 година.

СВЕЧЕНО ОДБЕЛЕЖАН ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК

По повод одбележувањето на Патрониот празник, НУУБ „Св.Климент Охридски“ – Битола организираше свечена програма која се одржа на ден 07.12.2017 година (четврток) во салата за промоции на библиотеката.

Во програмскиот дел настапи Културно - уметничкото друштво, хорот „Стив Наумов“ – Битола под диригенство на Љубомир Трифуновски.

Воведен збор имаше м-р Јелена Петровска, в.д. директор на НУУБ „Св.Климент Охридски“ – Битола. Денес нашата библиотека го прославува својот Патрон. Св.Климент Охридски, нашиот учител, просветител, писател, инспиратор. Ние сме среќни бидејќи го величаме неговото дело. Денес ќе имаме можност да ги проследиме неговите дела поврзани со нашето писмо, Манифестација „Моќта на буквите“, ќе имаме и пригодна изложба, изјави Јелена Петровска в.д директор на Националната и универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ - Битола

На настанот присутна беше градоначалникот на Општина Битола м-р Наташа Петровска .

Во оваа институција се сместени илјадници изданија, илјадници страници во кои што се кријат мноштво информации кои што едноставно му пружаат информации на младите генерации а и на сите луѓе, можност да ги прошират своите знаења, видици и

богатство. Затоа би им препорачала што почесто да бидат во оваа институција и во нејзините простории, изјави Наташа Петровска, градоначалник на Општина Битола.

Предавање и видео презентација со наслов „Моќта на буквите“ одржа м-р Александар Гулевски.

Исто така, беа претставени изданија на Библиотеката и тоа:

- „Библиографија на магистерски трудови и докторски дисертации одбранети на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола 1991 – 2016 година“, составена од Јоланда Бошевска (библиотекар советник) и Гордана Пешевска (виш библиотекар).
- Зборникот на излагања од 12-та Роднокрајна средба со битолските писатели во Македонија и
- Списанието „Библиотечен тренд“ бр.44

„НЕДЕЛА НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА“

Француската Алијанса од Битола, Француската амбасада, Националната установа Универзитетската библиотека „Св.Климент Охридски“ – Битола и правниот факултет Кичево по повод денот на човековите права организираа работилници за ученици од основните училишта од Битола.

Целта на работилниците е запознавање со човековите права, но и да се подигне нивната свест за правото на живеење во здрава средина, право на чист воздух како и сочувување и почитување на природата. Исто така како еден од човековите права беше застапен и правото на не-дискриминација.

Работилниците се одвиваа на ден 11.12.2017 година (понеделник) во Универзитетската библиотека Св.„Климент Охридски“ – Битола.

“ФАУНА И ФЛОРА – ПРАВО НА ЖИВОТ ВО ЗДРАВА СРЕДИНА“

Во рамките на истиот проект за одбележување на човековите права, пред влезот на библиотеката се црташе на графит мурал на тема “Фауна и Флора – право на живот во здрава средина“ .. Прекрасното дело го цртаа уметниците Herve Potelle I Alexandre Rajkovic.

АМБАСАДОРКАТА РЕНАТА КОБЛЕР ЈА ПРЕДАДЕ ОВОГОДИШНАТА ДОНАЦИЈА НА КНИГИ

Н.Е. м-р Ренате Коблер-Амбасадор на Република Австрија во Република Македонија на ден 13.12.2017 (среда) ја посети Националната установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ Битола и на директорот на НУУБ м-р Јелена Петровска и ја предаде овогодишната донација на книги за Австриската библиотека во Битола.

Донацијата со која се збогати библиотечниот фонд на Австриската библиотека во Битола се состои од:

- литература од австриски писатели,
- литература од германски писатели,
- методски прирачници за наставници по германски јазик,

- учебници и работни тетратки во издание на Австрискиот фонд за интеграција (Österreichischer Intergrationsfonds),
- лексикони за австриската книжевност и стручна литература од областа на информатиката по барање на Факултетот за информатички и комуникациски технологии во Битола (ФИКТ).

Ученици од ОУ „Елпида Караманди“ - Битола кои го изучуваат германскиот јазик под раководство на проф. Билјана Митковска - наставник по германски јазик, при оваа посета на Н.Е. Ренате Коблер-Амбасадор на Република Австрија во Република Македонија го презентираа проектот „Читање и преведување на дела од литература за деца и млади - романот „Katzenmusik“ од Renate Welsh“.

Овој проект беше еден од проектите со кои Австриската библиотека, НУУБ „Св. Климент Охридски“ и Почесниот Австриски конзулат во Битола го одбележаа фестивалот „Австрија чита 2017“ "Österreich liest 2017", а истиот се организира секоја година во Република Австрија и во сите Австриски библиотеки ширум светот.

Учениците на германски јазик исто така претставија биографски податоци од Ренате Велш (австриска писателка за деца и млади - која ќе гостува во Битола во март 2018) и ја прочитаа прераскажаната приказна „Мачкина музика“, кое дело двојазично и го подарија на Амбасадорката Коблер.

НАШАТА ПРАЗНИЧНА МАГИЈА

Со цел збогатување на Новогодишните празници, Националната установа Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ – Битола во соработка со училиштето за странски јазици „ Rosetta Stone“, ОУ “Коле Канински“ и „Сумнал“ – здружението за развој на Ромската заедница се вклучија во празничната магија.

Активностите започнаа на 21.12.2017 година (четврток) каде во холот на Библиотеката беше приредено пријатно предновогодишно изненадување кое прв пат се случи во Битолската библиотека, со помош на волонтерите од Мировен корпус David Scrivener и Barbi Stimac.

Оригиналната, одлично уредена новогодишна елка, која е направена од книги кои ги поседува библиотеката е причина повеќе, поголем број на љубители на книгата да дојдат тука да позајмат или да вратат книга, или едноставно да дојдат да се фотографираат.

Инаку новогодишна елка се прави за прв пат кај нас во холот на библиотеката, во неа има "вградено" повеќе од 500 книги, кои се наоѓаат во библиотечниот книжен фонд.

Украсената новогодишна елка од книги им го предизвика вниманието на нашите читатели и посетители на Библиотеката, особено на најмладата популација и велат дека допринесовме за подобрување на претпразничното расположение.

Новогодишната елка во Библиотеката е преубава беа разлика од каде ја гледате, од влезот, од скалите, од вториот кат од каде некои рекоа погледот е најубав. Ние ја фотографиравме од сите места, а сами одлучете од каде е најубав погледот.На 22.12.2017 година (петок) со почеток од 10-12 часот во свечено украсениот хол на Библиотеката со новогодишни декорации, се одвиваа следните активности: изработка на новогодишна елка, креативна работилница, читање со Дедо Мраз проследени со детски настапи, игра и забава.

Настанот имаше цел да направи спој помеѓу културата на читање книги како дел од личната и општа култура која треба да се развива и негува уште од најмала возраст.

На крајот на новогодишната празнична магија во Библиотеката, следуваше забава на Дедо Мраз со децата на вработените во библиотеката, при што истите добија новогодишни пакетчиња.

Дедо Мраз е миленик на децата. Во нивните очи тој е старецот кој доаѓа еднаш во годината, ги носи посакуваните подароци и ги прави сите среќни, исполнувајќи ги нивните желби и читајќи им ја приказната за Нова година.

КНИГА

ЗА ИЗЛОЖБИ НА
НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА ЗА 2017 ГОДИНА

Битола, 2017 г.

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА – УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

КНИГА НА ИЗЛОЖБИ ВО 2017 ГОДИНА

- Во текот на месец февруари, март и се до почетокот на месец април се одвиваа повеќе активности во склоп на проектот „Ноќ со Андерсен“, при што покрај бројните работилници и завршната активност беа поставувани изложби на книги за деца, претежно сликовници, басни, бајки од Ханс Кристијан Андерсен и други познати светски автори.;
- По повод 8ми Март, меѓународниот ден на жената во НУУБ Св. Климент Охридски – Битола беше поставена изложба на книги од жени – писатели за деца;
- Од 15 до 21.03.2017 год., како дел од проектот за еколошка свест Библиотеката и ОУ. Д-р Трифун Пановски – Битола, организираа изложба на ликовни творби од ученици, на тема: „Сакам три нешта: зелено, чисто и весело“.;
- Во рамките на одбележувањето на 72 – годишнината од основањето на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, покрај другите активности, од 24 – 31 март 2017 год. во холот на Библиотеката беше поставена тематска изложба на книги кои се во издание на Библиотеката од основањето до денес.;
- На 31.03.2017 год. во Библиотеката беше поставена ликовна изложба – In Memoriam, како завршен настан по повод 83 – годишнината од раѓањето на Борислав Талевски, ликовен уметник од Битола. Изложбата беше отворена до 4.04.2017 год. Темата на изложбата беше „Ликовни одблесоци – сеќавање на творештвото на Борислав Талевски“.;
- По повод одржувањето на Саемот на книгата во Скопје, а по иницијатива на Градската Библиотека „Браќа Миладиновци“ од Скопје, според проект одобрен од Град Скопје, со цел афирмација и популаризација на книгата во склоп на кампањата „Отворена библиотека – влези во нов свет“, на 6 април 2017 год., покрај другите библиотеки од Македонија учествуваше и НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, при што на својот штанд изложи и презентира над 40 свои изданија и пропаганден материјал.;
- На 23.04.2017 год., а по повод Светскиот ден на книгата и авторското право, покрај останатите програмски активности, во холот на Библиотеката беше поставена тематска изложба на книги од великаните на светската книжевност Мигуел де Сервантес, Вилијам Шекспир и Лопе де Вега.;
- На 26.04.2017 год. НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, Францускиот институт од Скопје, Гете - институтот од Скопје, организираа Француско – германски саем на детска литература со наслов „Го читаме другиот“.

Изложбата во рамките на овој саем, беше поставена во НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола каде се одвиваа и други активности поврзани со овој настан.;

- На 03.05.2017 год. во Библиотеката беше отворена и изложба на фотографии од Коста Ќука. Фотографиите беа поместени во холот на Библиотеката, каде се одвиваше и останатата програма при нејзиното отворање. Насловот на изложбата беше „Кога сонцето заоѓа“.;
- Во склоп на манифестациите од програмата на БИТ Фест – Битола 2017 год., од 19 – 23.07.2017 год. во организација на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола беше организирана манифестација и мини саем на книги, насловен како „Книга под отворено небо“. Во рамките на овие активности беше понуден избор од достапните едиции за продажба, и тоа:
  - Ѕвезди на светската книжевност,
  - 130 тома македонска книжевност на македонски јазик,
  - 130 тома македонска книжевност на англиски јазик,
  - Врвови на светската филозофија, историја, психологија со психоанализа,
  - Публикации со прилог CD за документарни филмови – Македонски искушенија.;
- По повод 2ри Август – Денот на Илинденското востание во Библиотеката беше поставена тематска изложба на монографски публикации.;
- Со цел популаризација на литературното творештво за деца во НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола во текот на целата 2017 год. беа изложувани најпопуларни и најнови изданија за деца.;
- Во почетокот на октомври (02.10) 2017 год., а по повод одбележувањето на Неделата на забранети книги, која се одбележува ширум светот од 1982 год., беше одбележана и во НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола со цел читателите да се запознаат со повеќе наслови кои биле забранувани. Од книгите со кои располага Библиотеката во своите фондови, а кои во текот на историјата во одредени периоди биле забранувани, беше подготвена и поставена изложба во холот на Библиотеката и истата траеше до 7.10.2017 год.;
- По повод Октомври - месецот на книгата во холот на Библиотеката беше поставена изложба да книги наменети за нашите најмлади читатели. Овој избор на популарни книги за деца имаше за цел да им предложи наслови на најчитани книги за деца како и предлог на нови книги за читање.;
- По повод 11 Октомври – Денот на народното востание на македонскиот народ, во холот на Библиотеката беше поставена изложба на книги со тематика од револуционерната борба, борбата за слобода на македонскиот народ во текот на Втората светска војна и борбата против фашизмот.;
- На 3.11.2017 год. во Библиотеката, по повод 4 Ноември – ослободувањето на Битола, беше организирана промоција на книгите „Устата на јавето“ од Раде Силјан и „Песната палимпсест“ од Веле Смилевски, 50 години животно и творечко пријателство. Воедно беше поставена и изложба на книги – Избор од творештвото на авторите Р. Силјан и В. Смилевски.;

- Исто така по повод 4 Ноември – ослободувањето на Битола, во холот на Библиотеката беше поставена изложба на книги – Ослободувањето на Битола и нејзиниот раст и развој во сите области на животот.;
- Во рамките на програмата за одбележување на Патронатот - 8 Декември, на 7 декември во холот на НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола, беше поставена изложба на книги на тема – „Свети Климент Охридски, од Бога даруван – Пастир и учител“.;
- По повод 10 Декември - Меѓународниот ден на човековите права, на 11.12.2017 год. во организација на Француската алијанса од Битола, Француската амбасада од Р. Македонија НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола и Правниот факултет од Кичево, во Библиотеката во Битола беа одржани работилници за ученици од основните училишта од Битола, а во холот на Библиотеката беше поставена ликовна изложба од ликовниот натпревар на тема „Право на живеење во здрава средина и не - дискриминација“, која траеше една недела.

КНИГА

ЗА СТРУЧНАТА И НАУЧНА РАБОТА НА
НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА ЗА 2017 ГОДИНА

Битола, 2017 г.

КНИГА ЗА СТРУЧНАТА И НАУЧНАТА РАБОТА НА НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА ЗА 2017 ГОДИНА

ОБУКИ:

- 1 вработен (Јулијана Христовска Кулевска) посети обука „Техничка обработка на библиотечниот материјал“ (27 – 28 февруари 2017);
- 2 вработени (Катерина Пејковска и Маријан Котевски) посетија обука „Техничка обработка на библиотечниот материјал “ во терминот од (09 – 10 октомври 2017);
- 2 вработени (Катерина Пејковска и Маријан Котевски) посетија обука „Каталогизација на монографски публикации“ (16 – 20 октомври 2017);
- 2 вработени (Анета Стефановска и Науме Ѓоргиевски) посетија обука „Користење на програмската подршка COBISS3/Набавка – монографски публикации“ (03 – 05 октомври 2017);
- 1 вработен (Ленче Андоновска) посети обука „Систематизација и Предметизација на библиотечен материјал“ (20 – 24 ноември 2017);
- Обука на вработените во Библиотеката на тема „Комуникациски вештини“ организирана во соработка со „Европскиот институт за менаџмент, право и дипломатија“ Скопје (01.12.2017).
-

Стручни звања:

- 2 вработени, м-р Јелена Петровска и Гордана Пешевска добија звање библиотекар-советник.
-

ПРОЕКТИ реализирани во текот на 2017 година:

- Поетски перформанси од млади автори;
- Дигитални сликовници за секое дете;
- Електронски читачи на книги;
- 12-та роднокрајна средба со битолските писатели во Македонија;
- Библиографија на магистерски трудови и докторски дисертации одбранети на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола во периодот од 1991-2016;
- Обука на библиотекари за користење на програмската поддршка COBISS3;
- Непречен и отворен пристап до библиотечните фондови за секој читател - Обезбедување на книжниот фонд IV фаза;
- Збогатување на книжните фондови за 2017 година;
- Културни манифестации во НУ УБ „Св. Климент Охридски“ - Битола;
- ЕКО библиотека;
- По врвиците на хероите на Македонија;
- Опрема и материјали за заштита и репрографија;
- „Ние сме љубов“;

- Меѓународна соработка на НУ УБ „Св. Климент Охридски“ - Битола со библиотеките во Вроцлав и во Варшава, Полска;
- Учество на Конференцијата на Меѓународното здружение на библиотекарски асоцијации и библиотеки - ИФЛА во Вроцлав, Полска;
- Техничко опремување на новата сала за промоции и симултан превод - прва фаза;
- Набавка на опрема за дигитализација на библиотечниот фонд на НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола.

Учество на конференции и натпревари:

- Учество на 4 наши вработени (м-р. Јелена Петровска, директор, Анета Стефановска, библиотекар-советник, Ленче Андоновска, библиотекар-советник и Гордана Пешевска, виш библиотекар) со сопствени научни трудови на 44. Годишно изборно собрание на БЗМ во Скопје (16-17.2017), истите испечатени во списанието „Библиотекарство“ волумен 34 (2017), бр. 1-2, Скопје, 2017;
- Модератор м-р Јелена Петровска на форумот „Јавните библиотеки одговараат на реалните потреби на заедницата“, во Скопје на 6 јуни 2017;
- Презентации на д-р Лили Бошевска и Фатма Бајрам Аземовска на форумот „Јавните библиотеки одговараат на реалните потреби на заедницата“, во Скопје на 6 јуни 2017;
- Учество на м-р Јелена Петровска на Конференцијата „Андрагогика – виртуелна средба за обука на библиотекари“ на 7 јуни 2017;
- Учество на м-р Јелена Петровска на 27. Национална конференција на Бугарската Библиотечно – информациска Асоцијација (ББИА) на тема „Библиотеките – национален идентитет и разноликост“ во Софија на 8-9 јуни 2017;
- Соработка со Универзитетската библиотека од Варшава, Р. Полска (22-27 јуни 2017), во делегација од пет претставници од НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола (д-р. Лили Бошевска,директор, Анета Стефановска, библиотекар советник, Ленче Андоновска, библиотекар советник и м-р Милка Котевска, библиотекар);
- Учество на в.д. директорот на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, м-р Јелена Петровска, библиотекар советник и Марија Малгожата Мачковска, библиотекар советник на 83. Меѓународен конгрес на ИФЛА во Вроцлав,Р. Полска 19-25 август 2017;
- Учество на в.д. директорот на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, м-р Јелена Петровска, библиотекар советник, и двајца наши вработени (Фатма Бајрам – Аземовска, библиотекар и Александар Крстев, библиотекар) на работилницата „IFLA Global Vision“на покана на Здружението за развој и иновации на библиотеки Инова Либ во Градска библиотека „Браќа Миладиновци“, Скопје (22 септември 2017);
- Организација од страна на 3 наши вработени (Јоланда Бошевска, библиотекар советник, Илче Стојановски, виш библиотекар и Гордана Пешевска, виш библиотекар) на 18. Општински натпревар „Млади библиотекари“ 2017 во Битола (17 октомври 2017).

Стручни и научни трудови од вработените:

- Имплементација на системот COBISS во балканските библиотеки, (Implementacja systemu COBISS w bibliotekach bałkańskich), Марија Малгожата Мачковска, стручен труд во списанието „Studia o Ksiażce i Informacji“; бр. 35, Полска, 2016;
- Мултифункционалните библиотеки и нивните корисници во пресрет на потребите на заедницата, м-р Јелена Петровска, стручен труд во „Библиотекарство“, списание на Библиотекарското списание на Македонија, волумен 34 (2017), бр. 1-2, Скопје, 2017;
- Новите технологии предизвик за современите библиотеки, Гордана Пешевска, стручен труд во „Библиотекарство“, списание на Библиотекарското списание на Македонија, волумен 34 (2017), бр. 1-2, Скопје, 2017;
- Знаењето како двигател за развојот на библиотекарството, некогаш и сега, Ленче Т. Андоновска, стручен труд во „Библиотекарство“, списание на Библиотекарското списание на Македонија, волумен 34 (2017), бр. 1-2, Скопје, 2017;
- Истражувања и нови трендови во библиотеките, Анета Стефановска, стручен труд во „Библиотекарство“, списание на Библиотекарското списание на Македонија, волумен 34 (2017), бр. 1-2, Скопје, 2017;
- Современи библиотечно - информациски услуги и потенцијални корисници, Александар Крстев, стручен труд во „Библиотекарство“, списание на Библиотекарското списание на Македонија, волумен 34 (2017), бр. 1-2, Скопје, 2017.

Стручни монографски и сериски публикации од вработените:

- Библиографија на магистерски трудови и докторски дисертации одбранети на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола во периодот од 1991-2016, составиле, уредиле и редактирале: Јоланда Бошевска, библиотекар советник и Гордана Пешевска, виш библиотекар;
- Хронологија на значајни обележја од развојот на библиотекарството во Македонија, книга 3, од 2003 до 2016, автори: Благој Н. Николов, Анета Стефановска;
- Дванаесетта роднокрајна средба со Битолските писатели од Македонија, Зборник на излагања, Тркалезна маса, Битола 26 мај 2017 година, главен и одговорен уредник д-р Николче Вељановски, библиотекар советник;
- Библиотечен тренд, бр. 44 2017 и бр. 45 2017, главен и одговорен уредник д-р Николче Вељановски, библиотекар советник;
- Млади поетски перфомански (избор на поетски творби), уредници: Фатма Бајрам Аземовска и Илче Стојановски, виш библиотекар.

КНИГА

ЗА НЕПОСРЕДНА ЗАШТИТА НА КНИЖНИОТ ФОНД НА НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА ЗА 2017 ГОДИНА

Битола, 2017 г.

Непосредна заштита на книжен фонд

Со континуираното користење на книжните фондови доаѓа до оштетување на книжниот фонд, а тоа пак ја налага потребата од постојана обнова и перманентна грижа за негова заштита.

Библиотеката врши само основна заштита на книжниот материјал согласно своите финансиски, кадровски потенцијали и можности. Во таквата заштита спаѓаат подврзување на библиотечниот материјал, каширање на библиотечниот материјал, изработка на кутии, папки од сите видови, бигување и перфорирање разни обрасци, картони и сл.

Во одделението Информации, заштита и репрографија во НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола во 2017 година се извршуваа следните работи:

1. Укоричување на периодиката;
2. Поправка на оштетените книги;
3. Кроење на материјали за потребите на сите сектори;
4. Изработка и укоричување на инвентарни (влезни) книги;
5. Стручно усовршување на кадарот во АД „Киро Дандаро“ – Битола и
6. Посета на обука „Техничка обработка на библиотечен материјал“ во НУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола.

Поправени се 600 монографски публикации и повторно вратени во Книжниот фонд, со што на истите им е продолжен рокот на користење. Тоа подразбира дека оштетените книги биле растурени и отворени, потоа средување на листовите, од кои некои кои недостигале биле копирани и додадени. Лепење, сушење и нивно потсекување.

Од вкупно поправените монографски публикации направени се и 120 книги со тврд повез и 300 книги со мек повез, со што е подобрен квалитетот на користење.

Укоричени се вкупно:

1. Периодични публикации: 9 тома со 364 влога и
2. 48 билтени со мек повез.

Изработени се:

1. 33 инвентарни книги со мек повез.

Вршено беше и каширање и кроење по мера.